# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 12<br><br>07.12.2018 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5 / 2002 ) , а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( Сл.весник на РМ бр . 64 / 05 ; 04 / 08 ; 103 / 08 ; 156 / 09 ; 95 / 10 ; 180 / 11 и 171 / 12) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 и 02 / 18 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 17-та седница , одржана на ден 06.12.2018 година , донесе :

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Крива Паланка за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КриваПаланка за 2018 година на следниот начин :

| |
|---|
| Потпрограма<br><br>Потставка БУЏЕТ САМОФИН. ДОТАЦИИ ДОНАЦИИ КРЕДИТИ |

**G 10 ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

421430-Транспорт на стоки 210.000 0 0 0 0

425990-Други договорни услуги -140.000 0 0 0 0

426990-Други оперативни расходи - 70.000 0 0 0 0

**0 0 0 0 0**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка и станува составен дел од Буџетот за 2018 година .

**Бр. 09 -3762/3** — **Советот на Општина Крива Паланка**
**06.12.2018 година** — **Претседател**
**Крива Паланка** — **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измена на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за за измена на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/4** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 162 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012,100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016,127/2016 и 67/2017) , член 101 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017 ) член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

За распределба на средства од блок дотација за за 2019 година

Член 1

Блок дотацијата за основно образование за Општина Крива Паланка за 2019 година е 105.834.000,00 денари.

Член 2

Овие средства се распределуваат на двете основни училишта „Илинден“ и „Јоаким Крчовски“ според Правилник за утврдени стандарди и нормативи за распределба на средства донесен од страна на Совет на Општина Крива Паланка бр.09-2528/41 од 30.11.2017 година.

Член3

Основни критериуми за распределба се вкупен број на ученици во училиштата, бројот на паралелки, сменското работење на училиштата, бројот на подрачни училишта, број на вработени во училиштата, број на ученици кои користат превоз,.

Член 4

Според критериумите за ООУ „Јоаким Крчовски“ припаѓат **62,07%** од блок дотацијата односно 65.691.164,00 денари**,** а на ООУ „Илинден“ припаѓаат **37,93%** од блок дотацијата односно 40.142.836,00 денари.

Член 5

Во средствата на ООУ „Јоаким Крчовски“ спаѓаат и средствата за ОУД “Боро Менков” во износ од 1.151.928,00 денари.

Член 6

Распределбата на средства за ОУД „Боро Менков“ е бидејќи во домот престојуваат дванаесет ученика кои учат во ООУ „Јоаким Крчовски“, а се сместени во домот за ученици.

Член 7

За средното образование блок дотацијата изнесува 43.800.000,00 денари и целокупниот износ припаѓа на СОУ „Ѓорче Петров“.

Член 8

Блог дотацијата за детска заштита изнесува 18.900.000,00 денари и целокупниот износ припаѓа на ОЈУДГ „Детелинка“.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3762/5**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за распределба на средства од блок дотација за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за распределба на средства од блок дотација за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/6**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевскис.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), (Службен гласник на Општина Крива Палнка бр.8/2010, 8/2014 и 02/2018), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 год. донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка од обласга на образованието за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образованието за 2019 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето, во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-3762/7**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

**ПРОГРАМА**

За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2019 година

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството.Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од било која возраст (деца , млади и возрасни). На општествено ниво пак дава можност за севкупен развој на заедницата.

Од тука смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки и во процесот на управување со училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и превземање одговорност за негово финанирање.

ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,

-Планирање на развојот на образованието,

-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,

-Стимулирање на учениците за унапредување на нивните знаења

АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2019 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.

-Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на лица кои се исклучени од образовниот процес

-Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар

-Вклучување на родителите и учениците во подготовка на план за управување и активизам во образованието

-Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Активности | Рок | Носител | Министерство за образование | Сопствени приходи | Општина Крива Паланка | Др.извори и донации | Вкупно |
| 1 | Стипендии за талентирани ученици и студенти | септември | Општина Крива Паланка | | | 612.000 | | 612.000 |
| 2 | Субвенциониран превоз на студенти | октомври | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 55.000 |
| 3 | Прием на првачиња во основните училишта | септември | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 50.000 |
| 4 | Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 100.000 | | 100.000 |
| 5 | Поддршка на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | По потреба | Општина Крива Паланка и училиштата | | | 20.000 | | 20.000 |
| 6 | Избор на најуспешен просветен работник | 24 -ти мај | Општина Крива Паланка | | | 30.000 | | 30.000 |
| 7 | Реконструкција и | По | Општина | | | 70.000 | | 70.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | уредување на отворени спортски терени и дворни места во училиштата | утврдени приоритети | Крива Паланка | | | | | |
| 8 | Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи | тековно | Основните и средното училиште | | | 20.000 | | 20.000 |
| 9 | Организирана посета на културно-историски настани во градот | тековно | Основните и средното училиште | | | 20.000 | | 20.000 |
| 10 | Учество на општината во партнерски проекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 50.000 |
| 11 | Обезбедување на училишни објекти | јануари | Општина Крива Паланка | | | 1.800 000 | | 1.800 000 |
| 12 | Непредвидени трошици | 2019 | Општина Крива Паланка | | | 30.000 | | 30.000 |
| 13 | Блок дотација за основно образование | Тековно 2019 год. | Министерство за образование и наука | | | | | |
| 14 | Блок дотација за средно образование | Тековно 2019 год. | Министерство за образование и наука | | | | | |
| | СЕ ВКУПНО<br>денари | | | | | 2.852.000 | | 2.852. 000 |

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,

-зголемување на можностите за професионална ориентација,

-истражување поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците,

-анализа на податоците на ученици кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

**Бр.09-3762/7**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/8**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22,став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/010,8/14,02/18),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.12.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2019 година**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2019 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/010), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.12.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2019 година**

**Развојни приоритети и цели**

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност националните ИКТ стратегии и локалната стратегија за развој и претставува продолжување на политиката на општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните и бизнисите.

Целта на програмата е да се подобри ефикасноста и транспарентноста во работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот на услугите, а вооедно да се намалат трошоците во работењето со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

Активностите на Општината во делот на ИКТ за 2019 ќе бидат насочени во повеќе области и тоа:

- Континуирано одржување на оперативноста на информатичко – комуникацискиот систем на општината
- Имплементација на нови ИТ решенија и нивна интеграција со постојниот систем
- Модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење
- Континуирана обука на вработените

**Проектни активности**

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалната стратегија за развој.

- **Имплементација на Географски информативен систем (ГИС)**

Со цел да ја унапреди ефикасноста и точноста во работата на своите служби, како и да ја зајакне комуникацијата со граѓаните, Општина Крива Паланка донесе стратешка одлука за имплементација на Географски информациски систем (ГИС), кој треба да ги покрие интерните секојдневни потреби на Општината, комуналните претпријатија, управувачите со јавна стопанска инфраструктура, проектантите и изведувачите на локално ниво и да поттикне интерес кај граѓаните за унапредување на предложените просторни решенија со давање на нивни иницијативи и забелешки. Од аспект на локалната самоуправа, ГИС системот е матица на сите информации што треба да се поседуваат во еден современ град или општина за да бидат

ефикасно управувани. Дополнителна корист од воспоставувањето на ГИС системот е неговото несомнено влијание врз зголемување на електронската размена на податоци меѓу вработените во општинската администрација како и поедноставувањето на одредени процеси и постапки. Тековно е планирана интеграција на ГИС во работните процеси на Општината.

- **Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура**

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов хардвер согласно потребите на Општината и замена на постојниот кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општината. Во однос на безбедноста на информатичкиот систем и овозможување на континуирано работење Општината посветува посебно внимание, така да е планирано обновување на застарениот хардвер и софтвер кој се користи.

- **Веб пристапност**

Општина Крива Паланка започна со активности за овозможување на достапност на веб страната на општината за лица со попреченост. За да се овозможи веб пристапноста потребна е имплементација на софтверски решенија со примена на одредени стандарди со цел да се обезбеди задоволителен пристап за лицата со инвалидност кои користат помошни технологии за работа со компјутери и интернет.

- **Слободни интернет зони**

Општина Крива Паланка воспостави три „ви-фи“ зони со слободен пристап до безжичен интернет. Планирано е нивно одржување и во текот на 2019 година.

Со реализацијата на овој проект граѓаните ќе имаат квалитетен пристап до повеќе информации, како и комуникација со локалната власт, при што по електронски пат ќе можат да се информираат за тековните активности на Општината, но и можност преку веб страната да ги пријават проблемите со кои се соочуваат во секојдневното живеење.

- **Одржување на апликации и хостирање**

Општина Крива Паланка во работењето користи апликации од трети лица како и услуги за хостирање за чии непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2019 година.

- **Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура**

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна опрема за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.

- **Обуки на вработените**

Имплементацијата на нови софтверски и хардверски решенија мора да биде следена со соодветни обуки на вработените за да се постигнат очекуваните резултати.

- **Имплементација и сертификација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 во Општина Крива Паланка**

Општина Крива Паланка согласно Програмата за активностите во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2018 година, започна со имплементација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015. По завршената интерна проверка на системот за квалитет (согласно барањата ИСО 9001:2015), дефинирање и спорведување на корективни мерки и преиспитување на системот за квалитет од страна на раководителите, потребна е подготовка на Општина Крива Паланка за сертификација од независно тело. По извршената проверка од страна на независно тело Општината ќе добие сертификат за квалитет ИСО 9001:2015**.**

| **Р.бр.** | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| 1. | Изнајмување на ГИС инфраструктура и интегрирање во работните процеси | 1.000.000 |
| 2. | Подобрување на информатичко – комуникациската инфраструктура (набавка на хардвер, софтвер и лиценци) | 800.000 |
| 3. | Пристапност на веб страна | 30.000 |
| 4. | Слободни интернет зони | 40.000 |
| 5. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (mt.net/ marnet / edusoft / euronetcom/mbs …) | 250.000 |
| 6. | Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура | 600.000 |
| 7. | Обуки | 150.000 |
| 8. | Сертификација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 | 120.000 |
| | | **ВКУПНО: 2.990.000** |

**Бр. 09-3762/9**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа за развој на информатичка технологија за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа за развој на информатичка технологија за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), (Службен гласник на Општина Крива Палнка бр.8/2010, 8/2014 и 02/2018), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 год. донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2019 година

Член 2

Оваа одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето, во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-3762/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ) и член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка, (Сл.гласник на Општина Крива Паланка 8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 06.12.2018 година донесе

**ПРОГРАМА**

За активностите на Општина Крива Паланка во

областа на спорт за 2019 година

ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади во 2019 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

-Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Македонија и надвор од неа.

АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите ќе се насочуваат кон

-Изнаоѓање и имплементација на законски решенија кои имплицитно ќе влијаат врз дејноста спорт и физичка култура,

-Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации,

-Поттикнување и поддршка на програмите на спортските клубови ,

-Унапредување на училишниот спорт преку мотивиран стручен кадар,

-Обезбедување на расположливост на објектите за спорт во училиштата,

-Развивање на масовниот спорт,

-Подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2018 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извори донации | Вкупно |
| 1. | Стипендии за талентирани спортисти | 2019 година | Општина КриваПаланка | | | 288.000,00 | | 288.000,00 |
| 2. | Првомајски крос натпревар | 1.мај | Општина Крива Паланка и сите училишта | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Турнир во Пинг-Понг | По утврден календар | Понпонгарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 4. | Турнир во Кошарка | По утврден календар | Кошаркарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 5. | Турнир во тенис | По утврден календар | Тениски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 6. | Турнир во мал фудбал | По утврден календар | Фудбалски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 7. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 8. | Турнир во ракомет | По утврден календар | Ракометен клуб | | | 40.000,00 | | |
| 9. | Спортски натпревари за патрон празници на училишта | По утврден календар | Училиштата во соработка со Општина Крива Паланка | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 10. | Подршка на училишен спорт – училишни спортски клубови | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50. 000,00 |
| 11. | Набавка на | По утврден | Општина Крива | | | 25.000,00 | | 25 000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | спортска опрема и реквизити | календар | Паланка | | | | | |
| | СЕ ВКУПНО<br><br>денари | | | | | 663.000,00 | | 663.000,00 |

ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка спортските манифестации ќе ги помага и со:

-доделување награди и признанија;

-обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

**Бр.09-3762/11**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување  на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2019 година  ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во  „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 и 02/18),  Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2018 година,  донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување  на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09–3762/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22, став 1 , точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл. гласник на Општина Крива Паланка бр. 8/10, 8/14, 2/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година ја донесе

**ПРОГРАМАТА**

**За активностите на Општина Крива Паланка во**

**областа на културата и културните манифестации за 2019 година**

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Крива Паланка,

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка,

-Создавање услови за развој на културата,

-Воведување нови форми на културно изразување.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка;

-Унапредување на меѓународна културна комуникација врз реципрочна основа со збратимени градови на Општина Крива Паланка

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници,

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

1. Празници, манифестации и настани

| Р. Б ро | **1. Празници, манифестации настани** | **Носител** | **Партнери / Коорганизатори** | **Планирани активности** | **Средства Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|

| j | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | |
| 1. | ***БАДНИК***<br>***5-ти Јануари***<br>Одбележување на празникот Бадник со берење на бадниково дрво; палење на коледарски оган; избор на кум и народна веселба<br>**Место:** Градски плоштад | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 35.000 |
| 2. | **БОЖИЌ**<br>***7-ми Јануари***<br>Свечена Божиќна Литургија<br>**Место:** црква Св. Димитриј | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | Присуство на градоначалник и претседател на Совет на општина | 0 |
| 3. | **ВОДИЦИ**<br>***19 Јануари***<br>Организирање на настан- осветување на водите во Крива Паланка и фрлање на крст.<br>**Место:** Градски плоштад / Крива Река | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | -Подароци за лицата кои ќе го фатат крстот<br>-Обезбедување на чај и топла ракија | 35.000 |
| | **МАРТ** | | | | |
| 4 | **ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН - ТОДОРИЦА**<br>***3-ти Март***<br>Организација на манифестација Свечено поклонение на Св. Теодор Тирон со учество на снаи свекрви, група за изворен фолклор и свечена трпеза;<br>**Место:** црква Св. теодор | Општина<br>Крива Паланка | МЗ Конопница<br>МПЦ-ОА КАН<br>Здружение РЗСР Патник Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - дизајн и печат. на промотивни материјали;<br>- логистика и организација;<br>- продукти и материјали;<br>- ангажирани лица;<br>- ученици | 80.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Тирон, с. Конопница | | | - музичка придружба | |
| 5. | **КОНКУРС ЗА КАРИКАТУРА**<br>***1-15 Март***<br>Кооганизација на Меѓународен конкурс за карикатура од Манифестацијата „Невестинско Поклонение“<br>**Место:** општина Кр. Паланка | Здружение<br>РЗСР Патник<br>Кр. Паланка | Општина<br>Крива Паланка | - организација и логистика;<br>- хонорари<br>- наградаи<br>- материјали;<br>- промотивен материјал; | 40.000 |
| | **АПРИЛ** | | | | |
| 6. | **ДЕН НА ШЕГАТА**<br>***1-ви Април***<br>Кривопаланечки маскенбал со учество на деца и ученици; пречек и и свечено претставување на маските и избор на најдобри маски<br>**Место**: плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка и<br>НУ Центар за култура | ЈОУД „Детелинка“<br>ООУ ЈОаким Крчовски<br>ООУ Илинден | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 60.000 |
| 7. | **ДЕН НА РОМИТЕ**<br>***7-ми април***<br>Одбележување<br>На меѓународен ден на ромите со прием од страна на градоначалникот и свечен коктел<br>**Место**: / | Општина<br>Крива Паланка | / | - продукти и материјали; | 30.000 |
| 8. | **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА**<br>***29-ти Април***<br>Хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце, декорација; дегустација на храна и пригодна музичка програма<br>**Место**: плато пред ЛУ Градски Музеј | ЛУ Градски Музеј | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 30.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **МАЈ** | | | | |
| 9. | **ПРОЛЕТНА ШКОЛА ЗА ЕТНОГРАФИЈА НА СОЦИЈАЛИЗМОТ**<br>***1-10 Мај***<br>Коорганиција на школа за теми и проблеми на општественото, економското, политичкото и воопшто културното живеење во социјализмот<br>**Место**: манастир Св. Јоаким Осоговски | Институт за Етнологија и Антропологија Скопје | Општина Кр. Паланка<br>ЛУ Градски Музеј | -Кофинансирање на трошоци за сместување и исхрана | 40.000 |
| 10. | **ДЕН НА ЕВРОПА – ДЕН НА ПОБЕДАТА**<br>***9-ти Мај***<br>Хепенинг со учество на деца и ученици; свечено претставување на штандови и креативни изработки и/или изложбени активности<br>**Место:** Градски плоштад или галериски простор | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски музеј | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 35.000 |
| 11. | ***СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – ДЕН НА ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА***<br>***24-ти Мај***<br>Свечена академија по повод празникот со свечена програма и доделување на награди за најдобар просветен работник и најдобар ученик<br>**Место:** НУ Центар за култура | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>ОУД Боро Менков | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 80.000 |
| | **ЈУНИ** | | | | |
| 12. | **ЧИТАМЕ МУЗИКА**<br>Организација на интергиран настан: читање / рецитирање / музицирање со цел промоција и популаризација на книжевноста и поезијата и мак.музика<br>**Место:** НУ Центар за култура / | НУ Центар за култура | Библиотека „Кочо Рацин“<br>Литературен клуб „КАЛИН“ | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 35.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Библиотека Кочи Рацин и др. лок. | | | | |
| | **ЈУЛИ** | | | | |
| 13. | ***Трилатерална Погранична средба КРАИШТЕ 2018***<br>***12 јули***<br>Културно – забавна средба со народна веселба (собор) на македонско – српската граница во организација на општините Крива Паланка (Р.М), Ќустендил (Р.Б) и Босилеград (Р. С).<br>**Место:** с. Голеш | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 40.000 |
| 14. | ***КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО***<br>***20 јули - 20 август***<br>Летна културна манифестација со кулрурни содржнини од музичко - сценски, драмски, поетски и ликовен карактер<br>**Место:** разл. локации | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски Музеј<br>Други здруженија и организации | -музичко - сценски настани;<br>драмски претстави<br>-поетски читања<br>- ликовни настани;<br>-фолклорни изведби | 400.000 |
| | **АВГУСТ** | | | | |
| 15. | **„ЏОЈ ФЕСТ“ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***23-25 Август***<br>Организација на 8-то издание на реномираниот музички фестивал „ЏОЈ ФЕСТ“<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Општина<br>Кр. Паланка<br>и<br>Здружение Музички фестивал ЏОЈ ФЕСТ<br>Кр. Паланка | ОО ЏОЈ ФЕСТ | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 800.000 |
| 16. | ***ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФОЛКОРЕН ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски„***<br>***25,26,27 Август***<br>Организација на 15-то | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура<br>КУЗ Карпош<br>КУЗ Фолклористи<br>КУД 8-ми | - логистика и организација;<br>- авторски права; | 850.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | издание на Интернационалниот Фолклорен Фестивал со учество на гости од Бугарија, Србија, БИХ, Турција, Словачка , Полска и др.<br>**Место:** Градски плоштад | | Октомври | - учесници;<br>-промотивен материјал | |
| 17. | ***СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ***<br>***29-ти Август***<br>Прослава на општинскиот празник Св. Јоаким Осоговски - заштитникот на градот Кр. Паланка<br>**Место:** / | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | - логистика и организацијаза прием и пречек на гости и делегации од земјата и странство | 40.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| 18. | ***МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „Св.Јоаким Осоговски„***<br>***5-15 Септември***<br>Организација на 33-то издание на реномираната Меѓународна Ликовна Колонија Св. Јоаким Осоговски<br>**Место:** Манастир Св. Јоаким Осоговски | Здружение<br>МЛК Св. Јоаким Осоговски<br>Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>МПЦ-ОА<br>Кумановско Осоговска Епархија | - логистика и организација;<br>-промотивен материјал | 40.000 |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | |
| 19. | ***МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски“***<br>***6-14 Октомври***<br>Организација на 11-то издание на Меѓунар. Театарски Фестивал со учество на театри од земјата и странство<br>**Место:** НУ Центар за култура | Општина<br>Кр. Паланка<br>и<br>Здружение<br>МТФ Св. Јоаким Осоговски Кр. Паланка | НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-кетеринг<br>- транспорт<br>-промотивен материјал | 800.000 |
| 20 | **Меѓународен Фестивал на** | Здружение | Општина Кр. | Партиципација- | 40.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| . | **Староградска Музика**<br>***20-25 Октомври***<br>Организација на 4-то издание на Меѓународниот фестивал на староградска музика<br>**Место:** НУ Центар за култура | Распеани Паланчани<br>Кр. Паланка | Паланка<br>НУ Центар за култура | покривање на дел трошоците за храна и ноќевање на учесниците | |
| | **НОЕМВРИ** | | | | |
| 21. | **НАИВА / КРЕАТИВА**<br>***1-5 Ноември***<br>Организација на настан од наивната / аматерската уметност: изложба, перформанс, дизајн, ревија, инсталација и сл.<br>**Место:** НУ Центар за култура или др. локација | НУ Центар за култура | Општина Кр. Паланка | логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-кетеринг<br>- транспорт<br>- промотивен материјал | 35.000 |
| | **ДЕКЕМВРИ** | | | | |
| 22. | **„РАСПЕАНО СИМИТЧЕ“ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***1 -15 ти Декември***<br>Организација на 5-то издание на Музички фестивал за младите кривопаланчанчиња за промоција на нови таленти и негување на музичките вредости<br>**Место:** НУ Центар за култура | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 300.000 |
| 23. | ***НОВОГОДИШНИ ПРАЗНУВАЊА /ФЕСТИВАЛ/***<br>***25-31 Декември***<br>Предновогодишни празнувања / фестивал/ со културни настани, концерти и изложби; конкурс и избор на Избор на новогодишно украсена куќа, тераса и излог во Крива Паланка; дневен новогодишен настан и вечерен концерт | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски Музеј | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 100.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Место**: Плоштад Карпошово востание и други разл. локации | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | **3.945 000** |

2. Одбележување на годишнини, настани и личности

| Р. Б ро ј | **2. Одбележување на годишнини, настани и личности** | **Носител** | **Партнери / Коорганизатори** | **Планирани активности** | **Средства Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈУНИ** | | | | |
| 1 | **ЈОАКИМ КРЧОВСКИ – јубилеј 200 години**<br>Свечена програма со: свечена академија, промоција на книга и одбележување на гробното место<br>**Место:** Црква Св. Димитриј | Општина Крива Паланка | МПЦ-ОА<br>Кумановско Осоговска Епархија<br>НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски Музеј | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 35.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| 2. | **8-МИ СЕПТЕМВРИ – ден на осамостојувањето**<br>***8-ми Септември***<br>Свечено одбележување на денот на осамостојувањето и полагање на свежи цвеќе<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Совет на Општина Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 25.000 |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | |
| 3. | **8-МИ ОКТОМВРИ - празник на градот**<br>***8-ми Октомври***<br>Организација на празникот на градот со Свечена седница на Советот на општина Крива Паланка, полагање на свежо | Општина Крива Паланка градоначалник | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен | 60.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | цвеќе и доделување на осмооктомвриски награди<br>**Јубилеј -75 години од формирањењто на Кривопаланечкиот партизански одред и 75 години од ослободувањто на крива паланка**<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | | институции<br>и установи | материјал;<br>- водител;<br>- учесници | |
| 4. | **11-ТИ ОКТОМВРИ –**<br>**Ден на востанието**<br>***11-ти Октомври***<br>Свечено одбележување на 11-ти Октомври - Ден на востанието на РМ со полагање на цвеќе пре споменикот од НОБ<br>**Место:** плоштад Карпошово востание, споменик од НОБ | Совет на Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 25.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | **145.000** |

3. Други културни активности

| Р. Б ро ј | **3. Други активности** | **Носител** | **Партнери / Коорганизатори** | **Планирани активности** | **Средства**<br>**Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ** | | | | |
| 1 | **Монографија за Крива Паланка**<br>Истражување на теми од областа на; археологијата, историјата, етнологијата, политичкиот и економскиот систем, туризмот и др. области и подготовка на стручни текстови, фотографии и сл.<br>**Место:** Крива Паланка | Општина<br>Крива Паланка | ЛУ Градски Музеј | Научно и Архивско истражување; подготовка на стручни текстови, фотографии; скенирање, дизајн и сл. | 180.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | **Набавка на преносен аудио систем за озвучување** | Општина Крива Паланка | Избран подизведувач | - Јавна набавка | 180.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | **360.000** |

Вкупни трошоци

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО (1,2,3)** | | | | **4.450 000** |

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од обласа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2019 година , средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорстава и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од :

-Министерство за култура на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

| | | |
|---|---|---|
| | **Општина Крива Паланка** | **3.400 000** |
| | **Министерство за култура** | **600.000** |
| | **Сопствени приходи** | **50.000** |
| | **Др. извори и донации** | **400.000** |
| | **ВКУПНО** | **4.450 000** |

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува  со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

**ДЕН НА ОПШТИНАТА**

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од обласа на спортот, културата, свечена седница на Советот на

Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

**ЈОАКИМ КРЧОВСКИ – јубилеј 200 години**

Во 2019 година ќе се одбележи 200 години од 5-тата и последна книга на Јоаким Крчовски: *„Различна поучителна наставленија“*, 1819 Будим. И останатите книги на Крчовски имаат приближно ист јубилеј (205, 204, 203 години), така што јубилејно ќе се одбележи 200 годишнината од целокупното негово творештво со свечена програма која ќе вклучува свечена академија и промоција на книга од Јордан Михајловски како и уредување одбележување на неговото гробно место во дворот на Црквата Св. Димитрија во Крива Паланка.

**Јубилеј -75 години од формирањењто на Кривопаланечкиот партизански одред**

**и 75 години од ослободувањто на градот Крива Паланка**

Во 2019 година се навршуваат два значајни јубилеја: 75 години од формирањето на Кривопаланечкиот партизански одред како и 75 години од Ослободувањето на градот Крива Паланка, коишто јубилеја ќе бидат одбелешани со свечена програма во рамките на празникот на градот 8-ми Октомври

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината, -обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации,

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09–3762/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22,став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/010,8/14,02/18),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.12.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во обласста на Локалниот економски развој за 2019 година**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во обласста на Локалниот економски развој за 2019 година

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Крива Паланка во обласста на Локалниот економски развој за 2019 година**

Со Програмата се утврдуваат развојните приоритети на Општина Крива Паланка во обласста на Локалниот економски развој во текот на 2019 година. Активностите предвидени со оваа програма ќе бидат насочени кон: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Основна цел на Програмата е реализација на приоритети согласно постојните стратешки документи.

**1.Поддршката на Локалниот економски развој на општина Крива Паланка планира да се реализира преку следните активности :**

-Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови;

-Партиципација односно сопствено учество на општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;

-Соработка на општина Крива Паланка со општините од регионот и со општините од Р.Македонија во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности;

-Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програмите за развој на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови;

-Финализација на започнатите проекти;

-Поддршка на Североисточниот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за регионален развој на Североисточниот плански регион согласно Законот за Рамномерен Регионален Развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој ;

-Поддршка за развој на МСП и претприемаштво

Малите и средни претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој.

Поддршката и развој на МСП и претприемаштво е планирано да се реализира преку следните активности:

- Обуки на бизнис секторот
- Поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање
- Поддршка на МСП за учество на саеми и промоција

***2.Меѓуопштинска соработка***

Во областа на меѓуопштинската соработка Општина Крива Паланка во 2019 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот и со општините од Р.Македонија , со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности ;

***3.Меѓународна соработка***

Во областа на меѓународната соработка Општина Крива Паланка во 2019 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените градови како и проширување на соработката со нови партнери преку :

- Организирани посети на претставници од општина Крива Паланка во збратимени градови а со цел размена на искуства и заедничка подготовка на апликации.

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Крива Паланка

**4.*Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка***

Општина Крива Паланка во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети.

Се предвидуваат следните активности:

- Претставување на општина Крива Паланка на домашни и меѓународни саеми.
- Подготовка и дизајн на промотивен материјал на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во општина Крива Паланка.
- Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Крива Паланка со фокус на можностите за развој на разните видови туризам и економијата воопшто.
- Креирањето и збогатувањето на туристичкиот потенцијал и понудата со организирање на промотивни активности од различни области, (спортско–рекреативни, културни, традиционални и сл. настани), се со цел подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.

  Други форми на активности со кои се помага развојот на туризмот и промоцијата на Општина Крива Паланка се следните:

- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината.

- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција и развој на туризмот и други активности во општината.

**5.Изработка на стратешки документи**

-Изработка на студија за економски анализи
-Регистрирање на стопански субјекти
-Изработка на стратегија за Рурален Развој
-Се предвидува подготовка, дизајн, печатење на нови стратешки документи .

**6. Други оперативни расходи и договорни услуги**

-Учество на обуки , работилници, семинари и сл.
-Превод на стручна литература
-Консултантски услуги
-Годишна награда за најдобар стопанственик
-Општински сојуз на стопанственици
-Фондација „Со љубов за Крива Паланка“
-Договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари

**7. Членарина на ЗЕЛС , СИПР и други здруженија и асоцијации**

Предвидените активности во рамките на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој во 2019 год ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година.

**БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА**

| *Бр.* | *Активност* | *Износ МКД* |
|---|---|---|
| **1.** | **Поддршката на Локалниот економски развој** | |
| | Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината | 500.000 |
| | Партиципација односно сопствено учество на општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на проекти | 1.500.000 |
| | Соработка на општина Кр.Паланка со општините од регионот и со општините од Р.Македонија во подготовка и реализација на зеднички проекти и активности | 1.000.000 |
| | Изработка на потребна техничка документација неопходна за аплицирање до отворени повици | 3.500.000 |
| | Финализација на започнатите проекти | 1.000.000 |
| | Поддршка на Североисточен плански регионво и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на општината при аплицирање и реализација на проекти | 2.000.000 |
| | Подршка на развој на МСП и претприемаштво | 100.000 |
| **2.** | **Меѓуопштинска соработка** | 300.000 |
| **3.** | **Меѓународна соработка** | 300.000 |
| **4.** | **Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка** | 300.000 |
| **5.** | **Изработка на стратешки документи** | 400.000 |
| **6.** | **Други оперативни расходи и диговорни услуги** | 150.000 |
| **7.** | **Членарина на ЗЕЛС , СИПР и други здруженија и асоцијации** | 400.000 |
| | ***Вкупно*** | **11.450.000** |

**Организација на програмата**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој во 2019 година ќе ја имплементира Одделението за јавни дејности , економски развој и информатичка технологија во соработка со релевантните одделенија во Општината.

**Бр. 09-3762/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22, став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ БР.5/02) и член 11 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на РМ “ бр.79/09),член 53 од Законот за детска заштита(Службен Весник на РМ бр.23/13) и член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Програмата за социјална,детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2019 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-3762/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

**ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА , ДЕТСКА И ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА ВО**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2019 ГОДИНА**

Остварување на социјалната, детската и здраствената заштита во Општина Крива Паланка се заснова на Законот за локална самоуправа, Законот за социјална заштита, законот за заштита на деца. Законот за семејство , Програмата за развој на заштита на деца во Република Македонија и други подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здраствената заштита, стратегии што ги донесува Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политикаи Статутот на Општина Крива Паланка, со кои се уредени правата од обласа на социјалната, детската и здраствената заштита.

Се земаат и во предвид програмите на ЈУ Меѓуопштински ценатар за социјални работи Крива Паланка, Невладиниот сектор во кој Локалнта самоуправа партиципира во зацртаните цели и активности.Оваа програма ги уредува подрачјата на социјалната работа , специфичните потреби на населението на општина Крива Паланка и начинот на остварување на предвидените активности.Социјалната , детската и здраствената заштита во општина Крива Паланка ќе се реализира во согласност со расположливи материјални можности од Буџетот на Општина Крива Паланка или со добиени грантови.

Програмата предвидува соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Дневен Центар за лица интелектуална попреченост, односно Министерство за труд и социјална политика, ОУЈДГ „Детелинка“, ОО Црвениот Крст-Крива Паланка, Основното и средното образование, Центарот за вработување односно Агенцијата за вработување на Р.Македонија, УНДП, приватниот сектор и невладниниот сектор.

Активности во Програмата за остварување на социјалната, детската и здраствената заштита во Општина Крива Паланка за 2019 година се поделени зависно областите во која делува.

1. Активности во социјална и детска заштита
2. Активности во здраствена заштита

Понатаму поделбата е направена според целните групи кои се опфатени:

-еднократна парична помош

-Социјално загрозени и исклучени граѓани,  жени, стари и изнемоштени лица,

-Ран детски развој , деца вклучени во предучилишна установа,

-Право на партиципација во јавна установа за деца-детска градинка се остварува на дете од семејство на самохран родител( ако еден од родителите е починат или не е познат или му е одземено родителско право или ако од други причини едниот родител е спречен да го врши родителското право), со плата и други месечни приходи во износ до минимална плата утврдена со закон.

-деца на самохрани родители во предучилишна установа и деца на улица, социјална заштита на лица со посебни потреби, деца со воспитно социјални проблеми, деца со одредена попреченост кои се вклучени во редовниот процес на образование,

-Подршка за проекти за реконструкција и адаптација на установи за подобрување на условите за престој на децата,

- подобрување на условите за живот на граѓани кои  се во тешка финансиска состојба

-Здраствено воспитување на населението и поддршка на Здруженија на граѓани кои ќе организираат одбележување на значајни  датуми и здраствени активности од областа на здравјето

**Финансирање**

Средствата потребни за реализација на Програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Крива Паланка, средства предвидени од Министерство за труд и социјална политика, средства обезбедени од УНДП,  грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна  соработка во земјата и странство, учеството на партнерите  ќе биде определено при изготвување на проектите.

**Завршни одредби**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на Програмата за Социјална, детска и здраствена заштита.

Општина Крива Паланка,  Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, односно вработеното лице во Општина Крива Паланка со звање Помлад соработник за здраствена , социјална и детска заштита ќе спроведува  и ќе го следи спроведувањето на програмата, ќе покренува иницијативи, дава мислење и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности и зацртаните цели.

**Социјална, детска и здраствена заштита за 2019 година**

| | Активност | Општина<br><br>Крива Паланка | Средства од домашни и странски донатори |
|---|---|---|---|
| 1 | Помош на ранливи групи | 100.000,00МКД | |
| 2. | Помош на социјално загроезени семејства со обезбедување на огревно дрво | 60.000,00 МКД | |
| 3 | Едократна парична помош | 30.000,00 МКД | |
| 4 | Подобрување на условите за живот социјално загрозена категорија на луѓе | 60.000,00 МКД | |
| 5 | Помош на лица со посебни потреби во Дневен центар за 3ти Декември | 20.000,00 МКД | |
| 6 | Новогодишни пакетчиња на лицата во Дневен центар | 15.000,00 МКД | |
| 7 | Изработка на социјална карта | 30.000,00 МКД | 200.000,00 МКД |
| 8 | Мал групен дом | 150.000,00 МКД | |
| | Дневен центар за душевно болни ремисија | 150.000 ,00МКД | |
| 9 | Пристапни рампи/бариери | 20.000,00 МКД | |
| 10 | Помош на самохрани родители и други ранливи категории | 50.000,00 МКД | |
| 11 | Образовни  асистенти, негователи за стари лица, односно ангажирани лица за Општинско корисна работа | 300.000,00 МКД | 1.000.000,00МКД |
| 12 | Помош и сорботка со здружение на пензионери | 30.000,00 МКД | |
| 13 | Доделување на еднократен надоместок за новороденчиња за првите пет родени во  годината | 33.335,00 МКД | |
| 14 | Подршка за реконструкција и адаптација на установа ДГ„Детелинка“ | 233.846,36 МКД | 2.104.617,24 МКД |
| 15 | Техничка документација за за адаптација и реконструкција на ДГ „Детелинка“(ул. „Илинденска) | 236.000,00 МКД | |
| 16 | Техничка документација за надградба на Детска Градинка „Детелинка“ (на ул.„Илинденска) | 118.179,36 МКД | |
| 17 | Право на партиципација во јавна установа за деца-детска градинка се остварува за дете на самохран родител со плата и други месечни приходи во износ од минимална плата. | 89.400,00 МКД | |
| 18 | Новогодишни пакетчиња за деца во ДГ „Детелинка“ | 30.000,00 МКД | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Новогодишни пакетчиња за деца корисници на парична помош според евиденцијата во ЈУ МЦСР-Крива Паланка | 15.000,00 МКД | |
| 20 | Здраствено воспитување на населението и поддршка на Здруженија на граѓани кои ќе организираат одбележување на значајни датуми и здраствени активности од областа на здравјето | 10.000,00МКД | |
| 21 | **ВКУПНО** | 1.780 759.86МКД | 3.404617,24 МКД |

**Бр.09-3762/17**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за социјална ,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за за усвоување на Програмата за социјална ,детска и здравствена заштита ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/18**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

За усвојување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2019 година

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за активностите на Општина Крива Паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2019 година .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09–3762/19**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

**ПРОГРАМАЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ВО 2019 г.**

НОЕМВРИ 2018 КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5⁄02), член 14 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8⁄10), Советот на Општина Крива Паланка на седниата оддржана на 06.12.2018 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОД ОБЛАСТА НА СОРАБОТКАТА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2019 година**

Во областа на невладиниот сектор, општина Крива Паланка ќе се насочи кон активности за продлабочување и унапредување на соработката со граѓанските организации во насока накреирање на активен граѓански сектор, кој проективно ќе учествува во креирањето на локалната политика и кој ќе придонесува во развојот на современото општество втемелено на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:**

Основни цели на Програмата за активностите на општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2019 година се:

- Зајакнување и унапредување на партнерската соработка со граѓанскиот сектор;
- Создавање на услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани;
- Преку партиципативен демократски процес да се обезбеди средина, која поттикнува ефективност и придонес на локалните граѓански организации во имлементација на локални политики и стратегии;
- Афирмација на општина Крива Паланка како општина со развиена мрежа на НВО;

**АКТИВНОСТИ:**

За реализирање на целите на оваа Програма општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Активностите ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување, кои се во надлежносат на локалната самоуправа.

Активностите најмногу ќе бидат насочени кон:

1.Идентификација на тековните проблеми на граѓанскиот сектор;

2.Обезбедување и на просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината;

3.Реализација на единствен јавен повик за прибирање на барања за користење на средствата од Буџетот на општина Крива Паланка за 2019 година, наменети за финансирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации.

4.Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирање,остварување на партнерства.

5.Поттикнување на моделите за партнерство и заедничко подготовување и реализација на проекти , кои се од интерес на општината.

6.Поттикнување на соработка помеѓу невладиониот сектор, бизнис заедницата и различни интересни групи на делување, заради подготовка на стратешки документи на општината.

| **Временска рамка на активности** |
| --- |

| Месец | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реден Број** | Активности | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** |
| **1.** | Комуникација и координација со ГО заради идентификација на проолеми | | | | | | | | | | | | |
| **2.** | Обезбедување и на просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината; | | | | | | | | | | | | |
| **3.** | Реализација на единствен јавен повик за финансирање на активности и проекти на ГО | | | | | | | | | | | | |
| **4.** | Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирање,остварување на партнерства. | | | | | | | | | | | | |
| **5.** | Поттикнување на моделите за партнерство за заеднички проекти | | | | | | | | | | | | |
| **6.** | Поттикнување на соработка помеѓу невладиониот сектор, бизнис заедницата и | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | различни групи | | | | | | | | | | | | |

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

Финанасирањето на активностите утврдени со оваа Програма,ќе се финансираат од Буџетот на општина Крива Паланка, од спонзорства и донации. За активностите од обласа што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес, ќе се појават во текот на 2019 година, ќе бидат издвоени дополнителни средства од Буџетот на општината од Програмите во соодветните области.

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка со вкупно: 1 200 000 денари.

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ:**

Општина Крива Паланка освен со финансиски средства,активностите на граѓанските организации ќе ги помага и преку:

- Обезбедување настручна, техничка и друг вид на помош;
- Покровителство;
- Доделување на награди и признаниј;
- Учество на промотивни и ротоколарни средби;
- Организирање на трибини, форуми, дебати, кампањи и сл. на теми од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на соработката со граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

**Бр. 09–3762/19**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка за подршка на граѓански здруженија во 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка за подршка на граѓански здруженија во 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски**

Врз основа на Законот за водите (Службен весник на РМ бр.87/08),и измени и дополнувања на истиот (Службен. весник на РМ бр. 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012,23/2013,163/2013,180/2014,146/2015,52/2016), Законот за градежно земјиште и измени и дополнувања на истиот (Службен весник на РМ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16 ), и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка”, бр.8/10, 8/14, 2/18) Советот на ОпШтина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2019 год. донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2019 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 -3762/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

**П Р О Г Р А М А**

**За изградба, реконструкција и одржување на локалнатаводоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2019година**

1. **Локална водоводна мрежа**

Општи напомени

Водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг на здрава и квалитетна вода за пиење, а последиците од климатските промени во иднина ќе бидат се поизразени. Поради специфичната конфигурација на земјиштето и теренот на кој се простира Крива Паланка, водоснабдувањето во градот и околните населби во изминатитот период се решавал парцијално. Главниот извор и доводни цевководи потекнуваат од м.в. Калин Камен од каде водата доаѓа до главниот резервоар, а потоа гравитационо се дистрибуира кон резервоарите во високите зони Лев и Десен брег на Крива Река. Мрежата во градското подрачје е постојано проширувана и доградувана, со што и водоснабдувањето значително е подобрено. Треба да се има во предвид дека во тој период како материјал за изградба на цевководите воглавном биле користени азбестно-цементни цевки, поретко керамички или челични, кај кои имајќи го во предвид долгиот временски период на експлоатација и векот на траење, константно се јавуваат оштетувања во мрежата кои предизвикуваат се почести проблеми и дефекти во водоводната мрежа. Од тие причини, во изминатиов период дел од примарната водоводна мрежа во градот беше реконструирана и донекаде овој проблем беше ублажен, но сепак во останатиот дел од примарната и во најголем дел од секундарната мрежа соочени сме со појава на загуби во мрежата и проблеми со квалитетот и квантитетот на испорака на водата за пиење до домаќинствата во тие делови од градот.

За надминување на оваа состојба Општината Крива Паланка и јавното комунално претпријатие “Комуналец” во минатото преземале повеќе мерки за делумна реконструкција на цевководите, доградба на системот и изградба на нови објекти за водоснабдување (бунари). Постоечката локална водоводна мрежа се градела преку повремено обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и програми, државни институции, странски и домашни донации, средства на локалното население, како и крајни корисници, каде Општината учествувала со извесни средства и ја обезбедувала потребната техничка документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;Покрај дотогаш изградената мрежа за водоснабдување која беше во ф-ја, во изминатите неколку години се реализираа значајни проекти за долготрајно решавање на проблемот со водоснабдување.

-Беше ставен во ф-ја водоснабдителниот систем Станачка река , односно се реконструира зафатот на Станачка Река, доводот и се изврши доопремување и поврзување на Филтер станицата.

-Се направи издвојување на високата зона на десниот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона со резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.

-Се направи издвојување на високата зона на левиот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона и резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.

-Се изврши реконструкција на дел од мрежата во урбаното подрачје со замена на азбестно-цементните цевки со полиетиленски.

Посебен проблем претставува водоснабдувањето на некои приградски населби и селата каде се изградени помали водоводи кои служат за водоснабдување на одредени маали, а кои се градени претежно од самите жители, без соодветна техничка документација, но кои се уште во функција и се единствен извор за водоснабдување на месното население.

Дел од ваквите водоводи не се целосно завршени, не е обезбедена контрола на потрошувачката и квалитетот на водата, не се поставени водомери, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопшто немаат вода. Дел од вака изградените водоводи, иако и

Општината и ЈП ,,Комуналец” имаат вложено значителни финансиски средства, се уште ги одржуваат месните заедници и локалното население, т.е. самите корисници.Месните заедници не може да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, па истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето, пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Според законската регулатива предвидена во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник 68/2004 и измените), како и Законот за водите (Сл. весник 87/2008 и измените), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) предвидено е со водоснабдителните системи да управува и да ги одржува јавно претпријатие. Јавното претпријатие е должно редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба. Ваквите активности во врска со водоводните системи беа предвидени и во помал дел беа реализирани и со Програмите за поранешните години. Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преодтстапување на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец” треба да биде приоритет и да се интензивира и усогласи со законот што во крајна линија е за доброто на самото месно население, т.е самите корисници. Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно руинирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

### 1.1 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку грант од Владата на РМ и ЕИБ

Преку реализацијата на проектот на Владата на РМ и ЕИБ ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води” кој е долгорочен и првобитно требаше да заврши во 2016 год. се очекува да бидат разрешени и надминати најголем дел од проблемите во водоснабдувањето во Општина Крива Паланка. Со Одлука на Владата на РМ крајниот рок за користење на средствата е продолжен до 31.12.2018 год. За Општина Крива Паланка според најновата Одлука вкупните предвидени средства се во износ од 1.238.971,оо евра (76.196.716.оо ден). Од тие средства преку досега реализираните 4 проекти искористени се околу 760.000,оо евра, а преостануваат уште околу 478.000,оо евра.

Досега се веќе целосно реализирани четири проекти за водоснабдување преку оваа програма за грант и тоа:

1.Дополнителни работи на зафат и довод на вода на водоснабдителен систем Станачка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење со поврзување на постоечки водоводен систем

2.Водоснабдителен систем за висока зона на лев брег на Крива Река –основна и секундарна мрежа

3.Реконструкција на дел на водоводната мрежа во Крива Паланка со замена на азбестно цементни цевки.

4.Изградба на фекална канализација Бојанов Дол

Со преостанатите средства предвидено е во текот на наредната година да се реализира и следниот проект:

**-Проект за замена и инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилна мрежа за далечинско отчитување комплет со надоградба, инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во општина Крива Паланка**

Согласно со порано донесената Одлука за давање на приоритет за апликација на подпроект бр.09-1829/31 од 25.06.2018 год. донесена од Советот на општината поднесена е апликација со потребната документација и дадено е првично позитивно мислење од страна на консултантите при Министерството за транспорт и врски, со мали забелешки на проектната документација и доставеното фише (проектен прашалник). Се очекува до крајот на оваа година да биде распишана јавна набавка, а реализацијата на проектот да биде во текот на 2019 година.

Посебен проблем за ЈП Комуналец представува отежнатото отчитување на водомерите за регистрација на потрошената вода поради нивната дотраеност, делумна неисправност, како и недостапност. Поради ова се јавува дисконтинуитет на месечните отчитувања, неточна и неажурна евиденција. ЈП Комуналец кое стопанисува со мрежата има губиток на дел од приходите по основ на дистрибуирана вода до домаќинствата и правните лица, како и зголемени трошоци за одржување.

Со проектот се планира имплементација на современа мерна техника, односно исфрлање од употреба на старите водомери и нивна замена со нови со можност за интегрирање во систем за далечинско очитување. Со примена на водомери со далечинско отчитување ќе се овозможи ажурно и прецизно мерење на испорачаната вода до крајните корисницииприбирање и обработка на податоците во софтверза отчитување, мониторинги визуелизација. Системот за далечинско отчитување на водомери функционира врз база на примање на сигнали од радио модули со радио врска кои се вградуваат на водомерите и се со батериско напојување со времетраење на батеријата од 10-15 години. Со поставување на ултразвучни водомери на повеќе локации на градската мрежа ќе може да се мери протокот на вода, со што ќе се овозможи откривање на дефекти во мрежата, губитоци и нелегални приклучоци**.**

Напомена: Првично беше планирано дел од средствата од овој грант да бидат искористени за проектот Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак 3., но поради неможноста за кратко време да се обезбеди одобрение за градење од објективни причини, овој проект ќе биде ставен во приоритетите за аплицирање за нареднава година.

**1.2 Проекти за водоснабдување кои се во тек**

Во тек е изградбата на водовод за снабдување на маалите Просарци, Камењарци и Мачорци во с. Луке-примарна мрежа и се очекува работите да завршат до крајот на годината или во почетокот на наредната година. Проектот е финансиран со средства од Министерството за животна средина и просторно планирање и буџетот на општината.

**1.3 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку средства од Буџетот на општината и ЈП Комуналец**

-Доизградба и санација на веќе изградените водоводи во с. Конопница од захватите на Селска река

-Поврзување на главна водоводна мрежа со постоечки селски водоводи во с. Конопница

-Евидентирање и на други порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланка преку кои се снабдуваaат со вода за пиење делови од населените места и нивно преземање и предавање на ЈП „Комуналец” – Крива Паланка на понатамошно стопанисување и одржување.

**1.4 Техничка документација за водоснабдување**

-Докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи.

-Изработка на нова техничка документација според барања и потреби на месни заедници, проценка на стручните служби од општината и ЈП Комуналец.

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РМ -Проект ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води"**<br>*напомена: овие средства се грант и не одат преку буџетот на општината | **29.400.000 ден.** |
| **2.Други извори на средства од државни институции** | **8.000.000 ден.** |
| **3. Буџет на Општината** | **3.300.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец"** | **2.000.000 ден.** |

**ВКУПНО. 42.700.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Инсталација на нови водомери**<br>*напомена: овие средства се грант и не одат преку буџетот на општината | **29.400.000 ден.** |
| **2.Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак 3.** | **6.000.000 ден.** |
| **3.Изградба на секундарна мрежа во с. Луке** | **4.000.000 ден.** |
| **4. Доизградба и санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **2.000.000 ден.** |
| **5. Изработка и доработка на техничка документација за водоводи** | **1.000.000 ден.** |
| **6. Експропријација** | **300.000 ден.** |

**ВКУПНО 42.700.000,оо**

## 2. Локална канализациона мрежа

Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област.

Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. Општината од неодамна има изработено Основен проект за продолжување на лев колектор и спојување на лев со десен колектор до Пречистителна станица. Во натамошниот период треба да се спроведе експропријација и да се направи проект за соодветна пречистителна станица, како и да се обезбеди другата потребна документација во смисла на дозволи, одобренија и сл.

Во минатото, како и кај водоснабдителните системи треба да се напомене дека надвор од градското подрачје се изградени само неколку парцијални канализациони водови во некои приградски населби и села со помало или поголемо учество на месното население за ограничен дел од население. Дел од нив се преземени и со нив стопанисува и ги одржува ЈП Комуналец , но поголем дел се уште се непредадени и има проблеми при нивното функционирање.

Изминативе неколку години поголеми канализациони мрежи се изградени во с. Мождивњак (околу 11 км.) и с. Длабочица (околу 800 м.) Дурачка Река (1,4 км)

Доколку има нови повици во наредната година од страна на министерствата или други институции соодветно ќе биде аплицирано.

**Изградба на канализациона мрежа**

1. Доизградба на главен колектор и спојување на десен со лев колектор до локалитет на пречистителна станица за фекални води (фазно)

2. Изградба на канализација -дел д Мезовски ливади и Крстата падина

3. Изградба на канализација во делови од село Конопница

4. Изградба и доизградба на други помали делови од канализациони мрежи

Во меѓувреме ќе се работи на докомплетирање на техничката документација и обезбедување на одобренија за градба.

### 2.2 Изработка на техничка документација

1. Докомплетирање на техничка документација за Доизградба на главен колектор и спојување на десен со лев колектор до локалитет на пречистителна станица за фекални води
2. Подготвителни активности за изработка на техничка документација за главна пречистителна станица за град Крива Паланка
3. Докомплетирање на документација за Изградба на канализација -дел од Мезовски ливади и Крстата падина
4. Проект за канализација населба “ГрамаЃе”;
5. Проект за канализација за делови од село Конопница
6. Изработка на други основни проекти и докомплетирање на техничка документација за изградба или реконструкција на канализации.

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| | |
| 1. Средства од министерства, агенции и др. институции | 6.000.000 ден. |
| 3. Буџет на Општината | 4.000.000 ден. |
| 4. Учество на ЈП „Комуналец” | 2.000.000 ден. |

ВКУПНО. 12.000.000 ден.

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| 1. Изградба на канализациони системи | 7.700.000.оо |
| 2. Доизградба и санација на постојни канализации кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец | 3.000.000,оо |
| 3. Експропријација | 300.000,оо |
| 4. Изработка на техничка документација | 1.000.000,оо |

Вкупно : 12.000.000 ден

Бр. 09 -3762/21
06.12.2018 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Изабела Павловска с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/22** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на Законот за градежно земјиште и измените и дополните на истиот ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16) и член 1,2,3,4 и 5 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.193/16) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 06.12.2018 год., донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште во град Крива Паланка за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за уредување на градежно земјиште во град Крива Паланка за 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

# П Р О Г Р А М А

За уредување на градежно земјиште во ОпштинаКрива Паланка за 2019 година

ВОВЕД:

Изготвувањето и донесувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка претставува законска обврска на Општината.

Спроведувањето на програмата за уредување на градежно земјиште односно планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурните објекти и другите градежни активности поврзани со уредување на градежното земјиште ќе се врши согласно на донесените урбанистичките планови на град Крива Паланка, како и према донесените општи акти за населените места.

Градежните работи кои во изминатиот период не беа завршени и оние за кои се превземени почетни активности во текот на 2018 година, ке бидат реализирани во наредниот период т.е во текот на 2019 година.

Програмата за 2019 година ги опфаќа следните активности:

- Просторот кој е предмет на уредување.
- Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.
- Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната комунална инфраструктура.
- Извори на финансирање на Програмата.
- Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште.
- Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба.
- Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.
- Динамика на извршување на програмата.

Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер според Законот за градежно земјиште и други законски прописи меѓусебните права и обврски меѓу правното или физичко лице и општината ќе бидат уредени согласно со одредбите кои произлегуваат од тие закони.

## 1.ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со генерален и детален урбанистички план го вршат општините.

Доколку општината не го уредува земјиштето, истото го врши инвеститорот на сопствен трошок за што инвеститорот не го плаќа целиот надоместок за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши врз основа на оваа Програма. Експропријација на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, на земјиште, згради , други објекти (недвижности) и растенија заради изградба на објекти од комуналната инфраструктура предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште се врши како јавен интерес на трошок на општината.

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти од комуналната инфраструктура поради:

- Обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат.

- Обезбедување на приклучок на водоводна мрежа.

- Обезбедување на приклучок во канализација (фекална и атмосферска).

- Обезбедување приклучок на електрична, и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно.

Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од границата на урбаниот опфат на населено место, како и во случаите кога уредувањето не е предвидено со Програмата го врши инваститорот на сопствен трошок.

2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

2.1. Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи:

- Изготвување на Генерален урбанистички план,
- Изготвување на Детален урбанистички план,
- Оформување на техничка документација на ниво на Основен проект,
- Извршување на основни геомеханички испитувања,
- Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.

2.2. Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на:

-Основна инфраструктура, основни градски сообраќајници и објекти од водоводна, канализациона и електрична мрежа.

2.3. Опремување на градежното земјиште

Под опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации од колективно и индивидуално значење надвор од локацијата ќе се сметаат следните работи:

- Проектирање и изградба на улици надвор од локации, односно приспособување на постојниот пристапен пат и обезбедување пешачки пристап до објектот;

- Кога се решава пристап само за една семејна куќа, сопственикот сам го гради пристапот, а добива само помош за следните работи:

* Проектирање и изведба на водоводна мрежа 30 м од границата на градежната парцела до местото на приклучување.

* Проектирање и изведба на фекална канализација 30 м од границата на градежната парцела до местото на приклучување.

*Проектирање и изведба на ниско напонска електрична мрежа 30м од границата на градежната парцела до објектот.

2.4.Трошоците за дворно уредување, потпорни и оградни зидови, пристапни патеки, дворни зеленила, приклучни и други видови такси се на терет на инвеститорот.

2.5. Трошоци за изградба на објекти кои се од заеднички интерес на општината и инвеститорот, го заштитува индивидуалниот станбен објект а се во делот на изградбата на основната комунална инфраструктура улици, патишта, водовод, канализација и друго ќе бидат градени во сооднос 50:50%.

За населени места за кои се уште нема урбанистички планови општината нема обврска да го уредува градежното земјиште.

2.6. Превземените обврски во уредувањето на градежното земјиште се до донесување на оваа Програма ќе се извршуваат според програмата за уредување на градежно земјиште за претходната година,односно според договорените обврски, а ќе се финансираат од средствата на оваа Програма.

## 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура со задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потреба до границите на градежната парцела.

2. 1. Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде:

Основен, повисок или понизок од основниот.

- Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и др. површини согласно урбанистички планови,

- подземна електрична мрежа ,
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 699 | 8 | 5592 | 6 | 33552 |
| 2 | Поливање се систем | м² | 794 | 20 | 15880 | 0.9 | 23292 |
| 3 | Кроење грмушки | бр | 40 | 1 | 40 | 15 | 600 |
| 4 | Садење сезонско цвеќе | бр. | 2600 | 2 | 5200 | 18 | 93600 |
| 5 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 95 | 6 | 570 | 15 | 8550 |
| 6 | Собирање смет | м² | 699 | 90 | 62910 | 0.2 | 12582 |
| **Вкупно:** | **172.176** | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 172.176 ден .



**Зелена површина Парк-  Херој Карпош**

| Р.б | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површин | Цена/ден | Износ/де |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| р | | | | | а | | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | м² | 785 | 8 | 6280 | 6 | 37680 |
| 2 | Поливање се систем | м² | 809 | 20 | 16180 | 0.90 | 14562 |
| 3 | Кроење грмушки и дрвја | бр | 22 | 1 | 22 | 15 | 330 |
| 4. | Кроење  дрвја | Бр. | 9 | 1 | 9 | 160 | 14400 |
| 5 | Садење сезонско цвеќе | бр. | 350 | 3 | 1050 | 18 | 18900 |
| 6 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 39 | 6 | 234 | 15 | 3510 |
| 7 | Метење патеки | м² | 193 | 250 | 48250 | 0.2 | 9650 |
| 8 | Собирање лист | м² | 500 | 30 | 15000 | 0.8 | 12000 |
| 9 | Собирање смет | м² | 785 | 90 | 70650 | 0.2 | 14130 |
| 10 | Чистење фонтани | м² | 7 | 6 | 42 | 120 | 5040 |
| **Вкупно130.202** | | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 130.202 ден .



**Зелена површина позади згради ул. Херој Карпош**

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површин | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | а | | |
| 1 | Машинско косење сите опе. | м² | 1787 | 8 | 6280 | 6 | 37680 |
| 2 | Кроење дрвја | Бр. | 29 | 1 | 29 | 160 | 4640 |
| 3 | Собирање смет | м² | 1787 | 30 | 53610 | 0.2 | 10.722 |
| | | | | | **Вкупно:** | | **53.042** |

**Зелена површина ул. 8 ми Октомври**

| **Р.б р** | **Вид на работа** | **Ед.мера** | **Количина** | **Бр. на операции** | **Вкупно површина** | **Цена/ден** | **Износ/ден** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 105 | 8 | 840 | 6 | 5040 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 169 | 20 | 3380 | 0.9 | 3042 |
| 3 | Кроење грмушки | бр | 3 | 2 | 6 | 15 | 90 |
| 4 | Садење сезонско цвеќе | бр | 590 | 2 | 1180 | 18 | 21240 |
| 5 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 64 | 6 | 384 | 15 | 5760 |
| **Вкупно:** | **35.172** | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 35.172 ден .




**Зелена површина пред Автобуска станица**

| **Р.б** | | | | **Бр. на** | **Вкупно** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| р | Вид на работа | Ед.мера | Количина | операции | површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 90 | 3 | 270 | 6 | 1620 |
| 2 | Кроење дрвја | Бр. | 3 | 1 | 3 | 160 | 480 |
| | | | | | Вкупно: | | **2.100** |

**Зелена површина Кадиска Чешма**

| Р.б р | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Садење сезонско цвеќе | бр. | 500 | 3 | 1500 | 18 | 27000 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 58 | 20 | 116 | 0.9 | 104 |
| 3 | Кроење грмушки | бр. | 5 | 1 | 5 | 15 | 75 |
| 4 | Плевење и окопување | м² | 58 | 6 | 348 | 15 | 5220 |
| **Вкупно:** | **32.399** | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 32.399 ден .



**Зелена површина ул.Партизанска**

| Р.б р | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење | бр. | 40 | 10 | 400 | 6 | 200 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 40 | 20 | 800 | 0.9 | 72 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Кроење грмушки,трендафили | бр. | 4 | 1 | 4 | 15 | 60 |
| 4 | Собирање смет | м² | 40 | 90 | 3600 | 0.2 | 720 |
| **Вкупно:** **3.500** | | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 3.500 ден .



**Зелена површина Главна улица Св.Јоаким Осоговски**

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Садење сезонско цвеќе | бр. | 2344 | 2 | 4688 | 18 | 84384 |
| 2 | Садење сез цвеќе канделабри | м² | 390 | 3 | 1170 | 18 | 21060 |
| 3 | Поливање со цистерна | м² | 60 | 20 | 1200 | 0.9 | 1080 |
| 4 | Кроење дрвја | бр. | 45 | 1 | 45 | 180 | 450 |
| 5 | Плевење и окопување | м² | 60 | 6 | 360 | 15 | 5400 |
| **Вкупно:** **112.374** | | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 112.374 ден .

**Зелена површина Обиколница**

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Садење сезонско цвеќе | бр. | 250 | 2 | 500 | 18 | 9000 |
| 2 | Плевење и окопување | м² | 15 | 6 | 90 | 15 | 1350 |
| 3 | Поливање со цистерна | м² | 15 | 20 | 300 | 0.9 | 270 |
| **Вкупно:** | **10.620** | | | | | | |

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 10.620 ден .

**2.Зелени површини за косење**

| Р.бр. | Зелени површини | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Св.Ј.Осоговски | м² | 4400 | 3 | 13200 | 6.5 | 85800 |
| 2 | Простор позади згради на ул.Св.Ј.Осоговски | м² | 1470 | 1 | 1470 | 6.5 | 9555 |
| 3 | Простор позади сама зграда на ул. Херој Карпош и покрај канал | м² | 793 | 3 | 2379 | 6.5 | 15463 |
| 4 | Простор позади згради на ул.8 ми Септември | м² | 2200 | 2 | 4400 | 6.5 | 28600 |
| 5 | Речно корито на Крива Река | м² | 15000 | 1 | 15000 | 6.5 | 97500 |
| 6 | Простор околу Спортски терени | м² | 6000 | 2 | 12000 | 6.5 | 78000 |
| 7 | Речно корито на Дурачка река | м² | 1245 | 5 | 6225 | 6.5 | 40462 |
| 8 | Дол ул.Единство | м² | 1323 | 1 | 1323 | 6.5 | 8599 |
| 9 | Ул.Вера Јоциќ(болница) | м² | 1072 | 1 | 1072 | 6.5 | 6968 |
| 10 | Ул.Баглачка,Метролошк | м² | 3177 | 2 | 6354 | 6.5 | 41301 |
| 11 | Нас.Илинден | м² | 320 | 1 | 320 | 6.5 | 2080 |
| 12 | Дол ул. Прохор Пчински | м² | 250 | 1 | 250 | 6.5 | 1625 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Ул.Херој Карпош од Лилав Мост | м² | 130 | 1 | 130 | 6.5 | 845 |
| 14 | Скали Пролетер | м² | 164 | 2 | 328 | 6.5 | 2132 |
| 15 | Ул.Ратко Минев и дол бавчалк | м² | 208 | 2 | 416 | 6.5 | 2704 |
| 16 | Ул.11 ти Октомври | м² | 182 | 2 | 364 | 6.5 | 2366 |
| 17 | Ул.Партизанска | м² | 276 | 2 | 552 | 6.5 | 3588 |
| 18 | Ул. Кочо Рацин | м² | 401 | 1 | 401 | 6.5 | 2606 |
| 19 | Ул. Ловачки | м² | 469 | 1 | 469 | 6.5 | 3048 |
| 20 | Ул Осички мост –Бабин Дол-Градски базент | м² | 1040 | 2 | 2080 | 6.5 | 13520 |
| **Вкупно:437.207** | | | | | | | |

**3.Подигање на нови зелени површини**

| Р.бр | Површина | Ед. Мерка | Површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Речното корито на Крива Река од Лилав Мост до Сточен пазар | м² | 1500 | 85 | 127.500 |
| 2. | Речно корито на Крива Река од Големиот Мост низводно од двете страни до спрема влез на Зелен пазар мало мосте | м² | 1317 | 85 | 111.945 |
| 3. | Косина кај Треска | м² | 210 | 85 | 17.850 |
| 4. | Косина кај спортки терени(од тениско до повеќенаменско игралиште) | м² | 1870 | 85 | 158.950 |
| 5. | Зелена површина Осичка Мала(позади гаражи) | м² | 217 | 85 | 18.445 |
| 6. | Костурница | м² | 76 | 85 | 6.460 |
| **Вкупно:** | | **5.190м²** | | **441.150** | |

Во текот на 2019 година планирано е подигање на нови зелени површини на посочените локации во горе наведената табела со вкупна површина од 5190 м².

Оваа активност опфаќа порамнување на теренот,захумусување на површината ,засејување на трева, засадување на цветни растенија и грмушки, решавање на наводнувањето и одржување на површините.

**4.Порамнување на речно регулационо корито на Крива Река**

| Р.бр | Површина | Вид на работа | Ед. Мерка | Површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Повеќенаменско игралиште - Мало мосте до големиот мост кај Гр.базент | Машинско порамнување<br>Физичко(рачно) одстранување на камен | м² | 12675 | 12 | 152100 |
| 2. | Од мало мосте на Зелен пазар до крај на регулација – десна страна | Машинско порамнување<br>Физичко(рачно) одстранување на камен | м² | 11500 | 12 | 138000 |
| 3. | Од почеток на Пазарска патека до Далфис | Машинско порамнување<br>Физичко(рачно) одстранување на камен | м² | 4990 | 12 | 59880 |
| **Вкупно: 349.980** | | | | | | |

**5.Чистење на речно корито на Крива Река од несоодветна вегетација**

| Р.бр. | Површина | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Далфис до мосте Стар Пролетер | м² | 1250 | 12 | 15000 |
| **Вкупно: 15.000** | | | | | |

Во пролетните месеци на 2019 година предвидено е машинско вадење на несоодветната дрвенаста вегетација( пред се врби) од речното корито на Крива Река на наведените простори и порамнување на речното корито како пред припрема за идно озеленување. Пред вадење на несоодветната вегетација предвидено е и нејзин утовар и транспорт до соодветно место.

**6.Чистење на вегетацијана главна улица покрај и на ограда(Пафит)**

| Р.бр | Површина | Ед. Мерка | Површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Касарна | м² | 50 | 60 | 3000 |
| 2. | Треска | м² | 80 | 60 | 4800 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Карпош | м² | 20 | 60 | 1200 |
| 4. | Пензоинерски дом | м² | 20 | 60 | 1200 |
| 5. | Влез на град (кам) | м² | 290 | 60 | 17400 |
| 6. | Од парк до Големиот Мост | м² | 38 | 60 | 2280 |
| 7. | Од Осички мост до тениско игралиште | м² | 400 | 60 | 24000 |
| Вкупно:898**53.880** | | | | | |

**7. Кроење и сечење на дрвја надвиснати над јавни површини или истите представуваат опасност по имотот и животот на граѓаните.**

| Р.бр. | Активност | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кроење на дрвја и сечење на дрвја надвиснати над јавни површини или предсавуваат опасност по имотот и животот на граѓаните | Бр. | ? | 2500 | 90 000 |
| 2 | Кроење на гранки надвиснати над јавни површини од Борчева Кафана до Трнци | м | | паушал | 30000 |
| 3 | Сечење на кисели дрва под стар пат пред Мотел | | | паушал | 5000 |
| **Вкупно: 125. 000** | | | | | |

**8. Подигање на дрвореди**

| Р.бр. | Локација | Вид на дрво(висина 70-130 cm) | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Според Детален урбанистички план | листопадно | Бр. | 250 | 1000 | 25000 |
| 2 | | зимзелено | Бр. | 250 | 1000 | 25000 |
| **Вкупно: 50. 000** | | | | | | |

**9.Набавка на алат и опрема за работа**

За навремено и квалитетно извршување на предвидените работи за 2019 год. потребно е да се набави следниот алат и опрема:

| Р.бр | Вид на алат и опрема | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Телескопи за кроење на гранки | | 2 | 50 000 | 100 000 |
| 2. | Моторна пила за сечење дрва | | 1 | 30 000 | 30 000 |
| 3. | Самоодна косачка | | 1 | 20 000 | 20 000 |
| 4. | Бетонски жардињери | | 500 | 148 | 74 000 |
| 5. | Дувалка за листови | | 1 | 3 500 | 3 500 |
| **Вкупно:** **227.500** | | | | | |

**РЕКАПИТУЛАР:**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на постоечките зелени површини:** | **2.320.930** |
| **2.** | **Косење на трева** | **437.207** |
| **3.** | **Уредување на нова зелена површина со трева(5190 м²)** | **441.150** |
| **4.** | **Порамнување на речно регулационо корито на Крива Река** | **349.980** |
| **5.** | **Чистење на речното корито на Крива Река од врби** | **15.000** |
| **6.** | **Чистење на вегетација на главна улица покрај и на ограда** | **53.880** |
| **7.** | **Сечење и кроење на дрвја над јавни површини** | **125.000** |
| **8.** | **Подигање на дрвореди** | **50.000** |
| **9.** | **Набавка на алат и опрема за работа** | **227.500** |
| **10.** | **Набавка на семенски материјал и садници** | **110.000** |
| **11.** | **Фито и енто заштита и Хербицирање** | **150.000** |
| **12.** | **Прихрана со ѓубрива** | **200.000** |
| **13.** | **Обновување на зелени површини со трева(500м²)** | **50.000** |
| **11.** | **Вкупно :** | **4.530.647** |

**Бр. 09–3762/31**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило во Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/32** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Програма за реализација на Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за реализација на Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски за 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08, 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014, 44/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.8/10, 8/14 и 2/18), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 06. 12. 2018 година донесе

**П Р О Г Р А М А**

за реализација на Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај
на улица Св. Јоаким Осоговски за 2019 година

Заради потребите на градот и за поголема безбедност на сообраќајот, но и поради потребите и проблемите на градот за негово сообраќајно уредување, Општина Крива Паланка има изработено Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Св. Јоаким Осоговски.

Во Програма за 2019 година се предвидува реализација на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќајот поделен во фази кои би се изведувале спрема приливот на средства и тоа:

1. Првата фаза е поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на улицата Св. Јоаким Осоговски од раскрсница кај „Станицата за технички преглед“ до раскрсница кај мотел „Македонија“;
2. Втора фаза е уредување на паркинг простори кои се предвидени со Основниот сообраќаен проект;
3. Трета фаза ќе се уредува вертикална и хоризонтална сигнализација на останатите улиците во централното градско подрачје;

**За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

| | |
|---|---|
| Прва фаза | 550 000,00 ден |
| Втора фаза | 830 000,00 ден |
| Трета фаза | 720 000,00 ден |
| Вкупно | 2 100 000,00 ден |

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Крива Паланка _______1 000 000,00 ден

2. Средства од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други донатори____ 1 100 000,00 ден

Вкупно = 2 100 000,00 ден

**Бр. 09-3762/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/34** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 372 од Законот за безбедност на патиштата (Сл. весник на РМ бр. бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18) и член 18 од Статутот на општина Крива Паланка (Сл. гласник на општина Крива Паланка бр. 3/10, 8/14 и 2/18) и Одлука за формирање на општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка бр. 07-1944/21 од 17. 05 2010 г, Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12. 2018 година донесе

**Р е ш е н и е**

**За именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка**

1. За претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Крива Паланка се именуваат:

- Претседател Билјана Цветковска Тасевска Помлад соработник за сообраќај, локални патишта, улици и комунална контрола во Општина Крива Паланка;

- Членови :

| | |
|---|---|
| Стојмир Стефановски | Инспектор по превентива; |
| Дане Петровски | Директор на ООУ „Јоаким Крчовски“ |
| Марица Николовска | Директор на ООУ „Илинден“ |
| Габриела Стаменковски | Директор на СОУ „Горче Петров“ |
| Мирка Јакимовска | Директор на ОЈУДГ„ Детелинка“ |
| Дејан Стојановски | Авто школа „ДЕЈАН“ |
| Иле Коцевски | Командир на ТППЕ Крива Паланка |
| Дарко Пешовски | Секретар во Црвен Крст Крива Паланка |

2. Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и Архивата на Општина Крива Паланка.

3. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Решението за именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/36** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 08/14 и 02/18), член 12 став 1 точка 4 и став 2, член 14 став 2 и 3и член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08 , 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3762/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 08/14 и 02/18), член 12 став 1 точка 4 и став 2, член 14 став 2 и 3и член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08 , 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2019 година

### 1. ВОВЕД

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, како и појава на заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје.Како резултата на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори. Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти . Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се придонесе за обезбедување на поставената општествена цел - заштита на населението од од штетните влијанија на овие биолошки врсти.

### 2. ЦЕЛИ

Целта на оваа Програма е интегрирано сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми, штетници и глодари. Заради заштита на населението во Општина Крива Паланка од заразни болести, штетници и глодари потребно е превземање на превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка.

Со оваа Програма:

- Се регулира потребата од сузбивање на штетниците и глодарите;
- Се утврдува територијата на која ќе се спроведе дезинсекција и дератизација ( површина и објекти);
- Се утврдува правното лице кое ќе ја спроведува дезинсекцијата и дератизацијата;
- Се утврдува начинот на финансирање.

### 3. АКТИВНОСТИ

### 4.

| Реден број | Мерки и активности | Место (локација) | Надлежна институција | Планирани средства | Временски период на активност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дезинсекција | Крива Паланка (градско подрачје) – предвидени 330 ха | Општина Крива Паланка | 150.000 денари (без ДДВ) | Јуни - Јули 2019 година |
| 2. | Дератизација | - диви депонии<br>- јавни површини (парк, плоштад)<br>- канализациона мрежа | -Општина Крива Паланка<br>-ЈП Комуналец | 30.000 денари (без ДДВ) | 6 месеци (Јуни – Декември 2019) |

### 5. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на оваа Програма Општина Крива Паланка ќе ја реализира во соработка со ЈП Комуналец – Крива Паланка, како и во соработка со Центар за јавно здравје – Куманово.

За реазлизирање на активноста за превентивна дезинсекција предвидена со Програмата, Општина Крива Паланка ќе спроведе јавна набавка за избор на правни лица кои ќе ја спроведат превентивната дезинсекција.

За реализација на активноста за превентивна дератизација ЈП Комуналец ќе изврши евидентирање на површините за третирање, точките во канализациониот систем каде ќе се врши

дератизација,  отстранување на дивите депонии од јавните површини пред почеток на процесот на дератизација, како и спроведување на јавна набавка за избор на правно лице кое ќе ја спроведе превентивната дератизација.                          За текот на спроведување на активностите, како и за датумите во кои е предвидено спроведувањето на превентивната дезинсекција и дератизација, населението на општина Крива Паланка ќе биде известувано преку веб страницата на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk), како и преку медиумот К3.

**6. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:

- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;
- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Крива Паланка и заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите.

**7. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностаза вршење на превентивната дезинсекција утврдена со оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, додека активноста за вршење на превентивната дератизација утврдена со оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.

**8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3762/37**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/38** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за третирање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3762/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.11.2018 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2019 година

### 1. ВОВЕД

Оваа Програма е произлезена како обврска од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и има за цел да ги утврди активностите за третирање на кучиња скитници, условите, организацијата, обемот на извршувањето како и начинот на финансирањето на потребните активности.

Донесувањето на оваа Програма е поврзано и со евидентно зголеменото присуство на кучиња скитници и од потребата за кнтрола на нивниот број на единствен можен и препорачан хуман начин на третирање на овие животни што е вградено и во Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Крива Паланка бр. 07 – 1835/1 од 27.06.2013.

Хуманиот начин на третирање на животните кучиња скитници подразбира стерилизација на здравите животни и создавање на услови за нивен хуман понатамошен третман од една страна и еутаназија на оние животни кои ги исполнуваат критериумите препорачани во членовите 26, 27, 28, 29, 30 и 31 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16)

### 2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Програмата за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето нас Општина крива Паланка е заснована на нивна перманентна контрола на подрачјето на целиот град, приградските населби и поголеми руралните населби.

Програмата за решавање на проблемот од зголемено присуство на кучиња скитници ги предвидува следните активности:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и ветеринарен клинички преглед;
- вакцинација и дехелментација;
- идентификација, чипирање и водење евиденција;
- кастрација;
- постоперативно сместување и третирање;
- повик кампања за домување;
- транспорт односно враќање на животните до местото на заловување и нивно ослободување;
- еутаназија на болни и опасни по средината животни.

Постапката на наведените активности ќе ја спроведува економски оператор изберен преку постапка за јавни набавки.

#### 2.1. Заловување и транспорт

Заловувањето и транспортот на кучињата скитници ќе го спроведуваат специјално оспособени работници на изберениот економски оператор за заловување на бездомните кучиња кои треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и со соодветна опрема од типот на:

- јамки и мрежи за заловување;
- дувалки за застрелување со средства за времено успивање;
- корпи и кафези за заловување и транспорт;
- околувратници и водилки;
- соодветни средства и опрема за евиденција;
- идентификација за заловените животни.

Заловувањето на кучиња скитници се врши со присуство на претставник на Општината определен од страна на Градоначалникот. За заловените кучиња се изготвува записник во кој се заведува бројната состојба на заловените кучиња скитници, место на заловување, пол, раса, знаци и обележја на кучето и евидентна болест или повреда.

Заловувањето на кучињата ќе се спроведува во рани утрински часови кога присуството и движење на луѓе и возила по улиците е минимално. Секое заловено куче времено ќе се маркира и истото ќе се фотографира. Фотографиите ќе служат за идентификација на кучињата од сопственици доколку некое од кучињата е изгубено од страна на сопственик или пак самото куче побегнало од дома. Транспортот од местото на заловување до стационарот ќе се врши со специјално возило опремено со соодветни кафези за сместување на кучињата скитници. Транспортот ќе се спроведува рано наутро при што службата за заловување треба да обезбеди на кафезот да има вентилација и струење на воздух и колку што е можно да се избегнува непотребно задржување по патот до стационарот.

Службата за заловување и транспорт на кучињата скитници во возилото задожително треба да поседува налог, товарен лист и записник од комунален инспектор.

Униформите и возилото треба видно да се обележи со натпис „Служба за бездомни кучиња“.

### 2.2. Стационар и медицински третман

Стационар е објект за прифаќање и третирање на кучињата скитници лоциран надвор од потесното градско подрачје опремен со соодветни простории за медицински третман потоа кафези или боксови за сместување на животните односно ги поседува сите услови предвидени со закон и подзаконски акти и истиот треба да има дозвола за работа со соодветен надлежен орган.

Стационарот односно прифатилиштето да е регистрирано од надлежен орган Агенција за храна и ветеринарсто и истиот редовно да се контролира од надлежен официјален ветеринар.

Во Стационарот веднаш по пристигнување на кучињата скитници истите треба задолжително да се евидентираат и заведуваат односно за истите да се отвори евидентен лист. Воедно сите пристигнати кучиња се прегледуваат, проверуваат дали имаат микрочип и истите се вакцинираат против беснило и други болести, потоа се врши дехелментација односно кастрирање, а доколку не се обележани се бележат со ушни маркици и се фотографираат.Доктор по ветеринарна медицина е одговорен за здравствена состојба на кучиња скитници во прифатилиштето. Исто така врши рангирање и проценка на кучињата односно на нивната состојба со посебен осврт и внимание на агресивноста, староста и здравствената состојба со тоа што за старите, агресивни и болни кучиња скитници на овластената служба препорачува еутаназија на истите додека здравите кучиња скитници се сместуваат во посебни боксови во кои на соодветни табли се запишани основни податоци. За овие кучиња потребно е обезбедување на храна и вода.

### 2.3. Еутаназија

Еутаназија на кучиња скитници се спроведува од соодветната служба по дадена препорака и записничка констатација врз основа на комисиска проценка на стручни лица од ДВМ како второ мислење покрај мислењето на надлежниот ветеринарен доктор.

Комисиска проценка како второ мислење не се бара:

- во сите случаи кога за тоа е утврдено од надлежното министерство во согласност со важечките закони и наредби (како во случај на појава на епидемии и заразни болести);
- при дијагностицирање на болести за кои по мислење на доктор по ветеринарна медицина третманот е веројатна причина за без потребна болка и страдање;
- при дијагностицирање на болести каде што по мислење на доктор по ветеринарна медицина третманот нема да биде ефикасен за да овозможи понатамошен прифатлив квалитет на живот на животното;
- во случај на старост кога состојбата на животното исклучува секаква надеж за продолжување на животот со што еутаназијата ќе го превенира страдањето;
- кога темпераментот на животното е таков што предизвикува непосредна опасност за околината.

Еутаназијата ќе се спроведува на начин определен со закон како и нивното отстранување.

### 2.4. Стерилизација (кастрација)

Стерилизацијата ќе се спроведува како мерка за намалување односно за контрола на кучињата скитници. Стерилизацијата на женските и машките кучиња скитници ќе се врши после детален ветеринарен преглед. Сите кучиња кои по мислење на доктор по ветеринарна медицина ќе ги исполнат критериумите за кастрирање, ќе се оперираат односно стерелизираат.

По завршената операција кучињата се сместуваат во соодветен оддел на прифатилиштето каде што престојуваат од 5-7 дена до зараснување на оперативната рана. Пред операцијата за кастрирање за време на анестезијата кучињата се маркираат на увото и на истите им се вградува соодветен чип, а потоа маркираниот и серискиот број на микрочипот се заведуваат во матична евиденција. Во постоперативниот период кучињата се сместуваат во наменски кафези односно боксови каде се врши редовно хранење и истите се под постојан надзор од соодветната служба.

Боксовите во стационарот редовно се чистат, на истите редовно се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба односно на шест месеци се спроведува и дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши здравствен преглед и процена на состојбата, а по потреба врз основа на проценка се спроведува и тест за социјализација на одредени кучиња. Кучињата се враќаат на приближно истата локација од каде што претходно биле заловени.

Пред да бидат вратени на местото на заловување задолжително истите се испитуваат од Лашманиоза.

Исто така пред пуштање на кучињата скитници од страна на определен орган на општината се спроведува повик до граѓаните за можност за згрижување на заловените и истретирани животни.

## 3. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Во градското подрачје и приградските населби на Општина Крива Паланка според надлежниот орган во Општината се проценува дека има околу 35 кучиња скитници.

Со оваа програма се предвидува заловување на сите кучиња скитници до крајот на годината, односно со оваа програма се предвидува заловување и третирање на кучиња скитници во неколку организирани акции.

Активностите ќе се одвиваат во неколку организирани акции и по потреба во случај на пријава од граѓани за агресивни кучиња скитници.

Активностите за заловување ќе се спроведуваат во две нивоа на активности и тоа како дневни во кои ќе се извршуваат редовни увиди и контроли за евидентирање и пратење на опфатот на движење на кучиња скитници и ноќни активности кои ќе се спроведуваат во доцните ноќни

часови односно пред се во раните утрински часови кога ќе се спроведува заловување на кучињата скитници. Во моментот во Општина Крива Паланка нема стационар прифатилиште поради што потребните услуги за третирање на кучиња скитници ќе се спроведуваат во прифатилиштата на економските оператори се до моментот на изградба на прифатилиште на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година. Потребните средства за реализација на програмата за заловување и третирање на евидентирани 35 кучињата скитници изнесуваат околу 250.000,00 денари. Плаќањето на избереniот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

**5. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка. Извршител на програмата ќе биде економски оператор кој поседува лиценца на вршење на наведените активности издадена од соодветен државен орган, а истиот ќе биде избран по пат на јавен оглас за јавна набавка согласно законските прописи.

Носителот на активностите од оваа програма годишно доставува извештај за реализација на програмата на крајот од годината до Советот на Општина Крива Паланка.

**6. НАДЗОР**

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина. Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластен комунален инспектор.

Целокупната работа на активностите на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка и на економскиот оператор за заловување и третирање на кучињата скитници е под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“. По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Крива Паланка истата се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство. По усвојување на програмата на предлог на носителот на програмата ОпштинаКрива Паланкаќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

**Бр.09-3762/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за третирање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програмата за третирање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/40**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04,71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15,146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/10, 08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2019 година**

Член 1

Се усвојува Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2019година.

Член 2

Програмата за управување со отпад е изработена во согласност со Планот за управување со отпад за Општина Крива Паланка (2015 – 2019), усвоен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3762/41**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

**П Р О Г Р А М А**

**за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2019 година**

**Содржина:**

1. Процена на видот и на количеството отпад што се создава во општина Крива Паланка на годишно ниво......3

2. Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот......5

3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот......5
4. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад......6

5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад......7

6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите......9

7. Начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот......10

8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за Преработка и за отстранување на отпадот......11

9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад......12

10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад......12
11. Програмски мерки и активности за 2019 година......13

Оваа Програма е составен дел на петгодишниот План за управување со отпад 2015 – 2019 година.

1. **Процена на видот и на количеството отпад што се создава во општина Крива Паланка на годишно ниво**

ЈП„Комуналец“ во 2013 година за потребите на изработка на Планот за управување со отпад на Североисточниот регион направи проценка на составот на комуналнитот отпад по вид и количини. Количините на главните состојки на комуналниот отпад се дадени во Табела 1.

**Табела 1: Состав на комуналниот отпад и количини по видови во 2013 година**

| Вид на отпад | Количина | Застапеност |
|---|---|---|

| | (т/год) | (%) |
|---|---|---|
| Биоразградлив отпад (отпад од градини) | 954 | 20,45 |
| Друг биоразградлив отпад | 1887 | 40,43 |
| Хартија | 114 | 2,45 |
| Картон | 170 | 3,65 |
| Стакло | 116 | 2,49 |
| Метали | 19 | 0,40 |
| Алуминиум | 18 | 0,38 |
| ПЕТ амбалажа | 183 | 3,91 |
| Пластични ќеси | 250 | 5,37 |
| Пластични ќеси од пакување | 77 | 1,62 |
| Друга пластика | 48 | 1,02 |
| Текстил | 43 | 0,92 |
| Кожа | 7 | 0,16 |
| Пелени | 130 | 2,79 |
| Отпад од градење и рушење | 6 | 0,13 |
| Електронски отпад | 6 | 0,13 |
| Опасен отпад | 11 | 0,24 |
| Тетрапак пакување | 25 | 0,54 |
| Фина фракција | 603 | 12,92 |
| **Вкупно** | **4667** | **100** |

Проценетиот состав на комунален отпад и количина по водови за 2019 година е дадено во Табела 2.

**Табела 2: Проценка на состав на комуналниот отпад и количини по видови за 2019 година**

| **Вид на отпад** | **Количина (т/год)** | **Застапеност (%)** |
|---|---|---|
| Биоразградлив отпад (отпад од градини) | 1000 | 20,73 |
| Друг биоразградлив отпад | 1900 | 39,4 |
| Хартија | 134 | 2,78 |
| Картон | 195 | 4,04 |
| Стакло | 110 | 2,28 |
| Метали | 15 | 0,31 |
| Алуминиум | 13 | 0,27 |
| ПЕТ амбалажа | 197 | 4,1 |
| Пластични ќеси | 53 | 1,1 |
| Пластични ќеси од пакување | 35 | 0,73 |
| Друга пластика | 70 | 1,45 |
| Текстил | 53 | 1,1 |
| Кожа | 5 | 0,1 |
| Пелени | 30 | 0,62 |
| Отпад од градење и рушење | 303 | 6,28 |
| Електронски отпад | 30 | 0,62 |
| Опасен отпад | 15 | 0,31 |
| Тетрапак пакување | 35 | 0,73 |
| Фина фракција | 630 | 13 |
| **Вкупно** | **4823** | **100** |

Проценката за годишната количина на отпад за периодот опфатен со Планот за управување со отпад 2015 – 2019 година е даден во Табела 3.

**Табела 3: Проценка на создавање на отпад во планскиот период**

| Година | Годишна количина на отпад (тони) |
|---|---|
| 2015 | 4.697 |
| 2016 | 4.728 |
| 2017 | 4.760 |
| 2018 | 4.791 |
| 2019 | 4.823 |

Причината за континуираното зголемување на количините на отпад е како резултат на континуираното зголемување на опфатот за организирано собирање на отпадот, зголемениот број на површини кои се одржуваат и уредуваат и како резултат на подобрената свест на граѓаните за фрлање на отпадот на определените места.

**2. Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот**

Согласно Законот за управување со отпад ( Сл. Весник на РМ, бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15,146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), правните и физичките лица кои во вршење на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад се должни да изготват и да ја реализираат Програмата за управување со отпад, согласно со член 19 од истиот закон.

**3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период 2015 – 2019 година опфаќа мерки и активности за селекција на отпад. Во оваа Програма за управување со отпад за 2019 година се предвидува воспоставување на систем за селекција на отпадот преку:

- Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање;
- Проширување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема.

Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање со оваа програма се планира да се спроведе преку следниве активности:

- Подготовка на работен план за подигање на јавната свест;
- Дефинирање на целни групи;
- Работни средби и предавања на различни нивоа.

Проширувањето на селективното собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема, се планира да се спроведе преку следните активности:

- Обезбедување на финансиска конструкција;
- Определување и уредување на локации за собирни центри и за складирање на рециклиран отпад;
- Определување на локации за еко - острови за селектиран отпад;
- Набавка на садови за селекција на отпад;
- Набавка на машина за балирање;
- Набавка на специјализирано возило за собирање и транспортирање на селектираниот отпад;
- Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман;
- Континуирано селектирање на отпадот во училиштата и градинките.

Во врска со издвојувањето на опасните состојки од отпад, покрај батериите и отпадот од електронска и електрична опрема за кои се планира воведување на централизирано собирање, правните и физичките лица кои создаваат опасен отпад ќе бидат обврзани преку интегрирани еколошки дозволи и елаборати за заштита на животната средина да склучуваат договори со овластени правни лица за превземање на опасен отпад.

**4. Мерки и активности за поттикнување на компостирање на биоразградливиот отпад**

Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015 – 2019 година опфатено е компостирањето на биоразградлив отпад. Програмата за управување со отпад за 2019 година во делот на компостирање на биоразградливиот отпад ќе се спроведува преку:

- Довршување на постапка за централизираното компостирање;
- Кампања за домашно компостирање од страна на населението;
- Кампања за комостирање од страна на поголемите правни субјекти.

Централизираното компостирање на биоразградливиот отпад е започнато. Локација која претходно беше делумно уредена, поради потребата за затварање на комуналната депонија веќе нема да се користи, а се планира да се продолжи со биокомпостирање на нова локација во рамки на складот на ЈП„Комуналец“ во село Конопница. Со овој централизиран модел на компостирање би се опфатил биоразградливиот отпад собран од јавни површини, уредени зелени површини, скверови, речни корита, спортски терени, пазари, паркови, правни субјекти и домаќинства. Во 2019 година се планира проширување на определената локација.

Во делот на домашното компостирање се планира едукација на населението за селектирање на биоразградливиот отпад, негово биокомостирање и користење. Овој процес би се одвивал континуирано во целиот период опфатен со Планот за управување со отпад (2015 - 2019).

**5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад**

Генерално, нивото на свеста за животната средина во Општина Крива Паланка треба да се подига преку:

- Еколошка едукација во училиштата; и
- Дополнителна едукација или ширење на информации за животната средина.

Кампањата за подигање на јавната свест треба да ги подржи следниве цели:

- Проширување (по подрачја и видови) на селективното собирање на видовите отпад кои можат да се рециклират;
- Подобрување на собирањето и третманот на медицинскиот и опасниот отпад;
- Одржливото управување со органскиот отпад од земјоделството;

- Промовирање и подршка на биокомпостирањето;
- Промовирање на принципите „од отпад до енергија“;
- Доследно спроведување на одредбите од Законот за управување со отпад.

Во подготовка и спроведување на кампањата за јавна свест, пресудно е да се вклучат клучните целни групи. За Општина Крива Паланка, потенцијалните заинтересирани страни и целни групи се:

- Пошироката јавност – домаќинствата;
- Локалните власти;
- Предучилишните и училишните образовни институции;
- Комерцијалниот и индустрискиот сектор;
- Комуналните служби и професионалците во управувањето со отпад;
- Болниците;
- Неформалниот сектор;
- НВО  и ГЗ; и
- Медиуми и други канали за комуникација.

Се препорачува кампањата за подигање на јавната свест да биде насочена кон три суштински групи проблеми:

- **Стоп за дивото депонирање**
  - Зголемување на покриеноста на собирање на комунален отпад (вклучувајќи ја спремноста да се плати за подобра услуга);
  - Премин кон контролирано отстранување на отпад (регионална депонија);
  - Чистење на постоечки диви депонии; и
  - Рекултивација на дивите депонии.

- **Подобрување на превенцијата на отпадот, повторна употреба, преработка (на пр. Рециклирање) и наплата**
  - Интелегентно купување;
  - Селективно собирање;
  - Компостирање;
  - Транспарентност на тарифирањето  т.е. трошоци за услуга.

- **Подобрување на управувањето со опасен отпад**
  - Селективно собирање на индустриски отпад;
  - Селективно собирање на медицински отпад;
  - Селективно и соодветно управување со електричниот и електронскиот отпад, батерии и акумулатори, гуми и сличн отпад;
  - Соодветно управување со отпадот од животински потекло.

Може да се препорачаат следните принципи за развивање на кампања за подигање на јавната свест:

- Приодот треба да е проактивен и позитивен. Граѓаните не треба да бидат оставени самите да ги интерпретираат промените, туку треба да имаат навремени информации за позитивните ефекти и придобивките;
- Политиката и структурните промени во обласста на управувањето со отпадот на национално и локално ниво не може да се спроведат без поддршка од јавноста и нејзиното активно учество;

- Треба да се користат двата приода од долу нагоре и од горе надолу;
- Кампањата не треба само да дистрибуира одредена информација, туку исто така да креира можности за одговор на јавноста кој потоа ќе биде земен во предвид;
- Важно е од целните групи не само да се побара промена на нивниот став и однесување, туку и да се објаснат причините зошто тоа се бара и да се покаже како да се направи тоа;
- Да се осигура дека целните групи добиваат можности да го променат своето однесување. На пример, комуникацијата за селективно собирање оди заедно со можностите за селективно собирање;
- Пораката треба да се повторува и зајакнува.

Согласно Планот за управување со отпад за периодот 2015 – 2019 година, во оваа Програма за 2019 година како и во наредните години се предвидува информирање и едукација на населението за вредноста на отпадот и опасностите кои доаѓаат од него и неговата поврзаност со природните ресурси. Од овие причини, овој План предвидува користење на различни форми за едукација и информирање на одредени целни групи и тоа во делот на:

- Селектирање на комуналниот отпад, преку јавни кампањи и информирање на населението со брошури и информативни листови за селективно собирање на рециклирачките видови на отпад и нивната улога во обезбедување на секундарни суровини и локациите и начинот на селектирање;
- Организирање на јавна кампања за едукација на населението за предностите и можностите кои ги нуди биокомпостирањето;
- Едукација за превенција во училиштата преку органзирање на активности:
  - Организирање на собирање ПЕТ амбалажа и стара хартија;
  - Организирано собирање на батерии и електронски и електричен отпад во училиштата и градинките;
  - Донаторски акции за собирање на облека и предмети со мал габарит. Собраните предмети наместо да се одложат на депонија и така дополнително да ја оптоварат истата, може да бидат донирани.

Јавната кампања би се спроведувала преку органзирање на трибини, печатење на материјали (брошури, информативни листови и сл.) и преку медиуми.

## 6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите

Со цел намалување на количеството на биоразградлив отпад што се отстранува на депониите, со оваа програма за управување со отпад е започнато со процес на централизирано биокомпостирањ. Определена е нова локација во складот на ЈП „Комуналец“ во село Конопница. Со овој централизиран модел на компостирање е опфатен биоразградливиот отпад собран од јавни површини, пазари, паркови и мал дел од домаќинствата. Во 2019 година се планира продолжување на процесот преку **анализа на моделите за централно компостирање**.Произведенот компост ќе се користи од страна на ЈП Комуналец при одржување на градското зеленило.

## 7. Начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот

Во Општина Крива Паланка во моментов отпадот се одлага на општинската депонија лоцирана без никаков предтретман. Постоечката депонија е лоцирана на 3 км југозападно од Крива Паланка, село Конопница, помеѓу магистралниот пат и Крива Река.

Општинската депонијата се користи од 1983 година. Моментално е со површина од 9.000 $м^2$. На депонијата дневно се отстрануваат околу 30-35 $м^3$, главно комунален отпад. Според проценките волуменот на остранетиот отпад на депонијата изнесува околу 160.000 $м^3$. Површината повремено се натапкува со булдожер и повремено се препокрива. Разнесувањето на лесна фракција од отпадот се забележува на границата од депонијата. Општинската депонија е целосно несанитарна и скоро целосно е исполнета.

Од страна на Општина Крива Паланка изработен е проект кој е одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање за затварање и рекултивација на депонијата.

Со приклучување на Општина Крива Паланка во регионалниот систем на управување со отпад за Североисточниот плански регион, постоечката депонија треба да се затвори и рекултивира.

До отпочнување на работа на регионалната депонија за Североисточниот регион потребно е да се изнајдат можности за проширување на постоечката локација со експропријација на околно земјиште. Во врска со тоа од Министерството за животна средина и просторно планирање до Општина Крива Паланка беше доставено известување за експропријација на одредени парцели на земјиште во близина на постоечката депонија.

Во меѓувреме, мора да се опстојува на доследно спроведување на предложените мерки за рециклирање и компостирање опфатени со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015 – 2019 година, со цел намалување на вкупниот отпад кој ќе заврши на општинската депонија, односно на определената времена депонија до изградба на регионалната депонија.

Во врска со депонијата за земјен материјал и градежен шут потребно е изнаоѓање и определување на нова локација за одлагање на градежен шут согласно законските прописи и тоа во што е можно најбрз можен рок.

## 8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот

Интегрираното управување со отпад подразбира следење на создавањето на отпад, минимизирањето на место на настанување, собирање, транспорт, третман и одлагање, што резултира со одржливо управување со отпадот со добра покриеност и создавање на доволно соодветни капацитети за давање услуги на собирање, транспортирање и депонирање до изградба и пуштање во функција на регионална депонија.

Сите правни лица и физички лица создавачи на отпад, согласно Законот за управување со отпад се должни да имаат склучени договори за собирање и транспортирање на отпад со овластени собирачи на отпад.

Врз основ на податоците од ЈП Комуналец, на територијата на општината Крива Паланка, редовните услуги за собирање на отпад се главно лимитирани на урбаните средини и на дел од руралните средини. Урбаниот дел од општината е покриена со 100 % со услуга за собирање на отпадот, додека околу 20% е покриеноста во руралните делови, претежно во руралните места кои се наоѓаат покрај магистралниот пат и оние рурални места кои се во пониските делови на општината и до кои има пристапни патишта.Во 2019 година од страна на ЈП Комуналец е

планирано зголемување на опфатот на организирано собирање за 50 нови корисници пред се од руралните населби.

ЈП „Комуналец" освен услугите за собирање на комунален отпад, спроведува и други активности како што се: чистење на улиците, јавни паркови и зелени површини, одржување на гробишта и пазари, речни корита, скверови и др.

Собраниот комунален  отпад во целост се одложува на општинската депонија со делумна претходна селекција на хартија, пластика и електронски и електричен отпад.

## 9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад

Мониторингот на состојбите со отпадот во Општината Крива Паланка ќе се реализира преку создавање на релевантна база на податоци за состојбите со отпадот во општината која што треба да ја оформи ЈП Комуналец во соработка со општината. Мониторингот за 2019 година ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспортот на отпадот како и со изготвување на годишните извештаи за управување со отпад. Овие се задолжителни за ЈП Комуналец и за поголемите фирми односно компании кои продуцираат поголеми количини на отпад. Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент ќе може да има преглед на состојбите во областа на управување со отпадот. Се разбира дека ваквата пракса целосно сеуште не постои и затоа истата мора што поскоро односно во 2019 година да се воведе за да системот на мониторинг на состојбите со отпадот и информирањето за истите да почне во вистинска смисла да функционира.Затоа мора да се има разбирање и што поскорода се поведе сметка кај Општината и општинското јавно претпријатие за згоелемување на човечките ресурси и капацитети за следење на состојбите со управување со отпадот, собирање и доставување на податоци за видот и количините на отпад, начинот на создавање, контрола, обработка и анализа на податоците.

## 10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад

Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка се предвидува и затварање на дивите депонии (ѓубришта). Овој процес се предвидува да се одвива континуирано во целиот период опфатен со планот 2015 – 2019 година. Со цел намалување на бројот на диви депонии кои се создаваат на територијата на општина Крива Паланка се предвидува зголемување на опфатот за собирање на комунален отпад, преку поставување на садови за отпад и редовен транспорт на истиот. Согласно Планот за управување со отпад на овие локации каде има диви депонии, по чистењето да се пристапи кон уредување на просторот.

## 11. Програмски мерки и активности за 2019 година

**Област 1: Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад и затварање и ремдијација на постојната депонија**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во активностите за реализација на регионалниот пристап во управувањето | Согласно барањата на Североисточниот регион | Општина Крива Паланка во соработка со другите општини од Североисточниот регион | 2019континуирано | Според физибилити студијаи Регионален План за управување со отпад за | Буџет на РМ, ИПА фонд, Јавно приватно партнерство, буџет на општина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| со отпад за Североисточен регион | | | | Североисточен регион | |

**Област 2: Итна интервенција во системот за собирање на комунален отпад**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Замена и поправка на дотраени садови за собирање отпад со нови | -Замена на дотраени садови со нови садови– 40 бр. (до 200л.)<br>-Поправка на 30 бр. на садови | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | 150.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Набавка на нови садови за проширување на опслуженото подрачје | -Набавка на нови контејнери – 20 бр. од 1,1 $м^3$<br>(10 нови за замена на стари и 10 за проширување на опфат)<br>-Определување на 10 нови локации за поставување на контејнери и нивно Поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | 400.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Поставување на корпи за отпадоци на шеталиштето покрај магистралниот пат, главна улица и други јавни површини | -Избор на локации за поставување<br>-Набавка (изработка) на 30 корпи за отпадоци и нивно поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | 60.000 | Општина Крива Паланка |

**Област 3: Итна интервенција во собирање на инертен отпад**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување на нова локација за инертен отпад (градежен шут, земја и сл.) | -Затворање на депонијата кај Пашина Воденица<br>-Формирање на тим за изнаоѓање на нова локација за одлагање на градежен шут<br>-Изготвување на Одлука<br>-Усвојување на Одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка<br>-Обезбедување на соодветна техничка документација и дозволи | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | 300.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

**Област 4: Превенција на отпад**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Јавна кампања и едукација | -Изработка на информативни ливчиња<br>-Одржување на 3 едукативни кампањи и 2 обуки во училиштата | Општина Крива Паланка, Граѓански здруженија и консултанти | 2019 континуирано | 60.000 | Општина Крива Паланка |
| Организирање на акции за донирање | -Организирање на акции по училиштата<br>-Организирање општинска акција | Општина Крива Паланка, основните и средното училиште, Црвен Крст | Март – Април 2019 Октомври - Ноември 2019 | 50.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Организирањен а акции за собирање на разновиден отпад | -Реазлизација на акција „Чиста населба, чиста општина“ | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, основните, средното училиште и граѓански здруженија | Март - Април 2019 | 150.000 | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец |

**Област 5: Организиран систем за селективно собирање и рециклирање**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање | -Подготвување на работен план за подигање на јавната свест<br>-Дефинирање на целни групи<br>-Работни средби и предавања на различни нивоа | Општина Крива Паланка, консултанти | 2019 континуирано | 20.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема | -Обезбедување на финансиска конструкција<br>-Определување на локации за собирни центри и за складирање<br>на рециклиран отпад<br>-Определување на локации за еко острови за селектиран отпад<br>-Набавка на садови за селекција на отпад – 30 бр.<br>Набавка на машина за балирање и дробење<br>- Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман<br>- Зголемување на | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2019 Континуирано | 1.000.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | капацитетот на постојните собирни пунктови и определување на нови локации за поставување на истите за постапување со електричен и електронски отпад | | | | |

**Област 6: Компостирање на биоразградлив отпад**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Продолжување на процесот на централизирано биокомпостирање и продолжување на кампањата за домашно биокомпостирање | -Примена на нови техники и пракси за централно биокомпостирање<br>-Доуредување на локација за централизирано биокомпостирање и ставање во функција<br>-Јавна кампања и Едукација на населението, правни и физички лица за селектирање на биоразградливиот отпад, негово биоконпостирање и користење | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2019 континуирано | 100.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

**Област 7: Диви депонии**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на План за затварање на диви депонии | -Анализа на теренот<br>-Проценка на ризикот<br>-Проценка на финансиски средства потребни за затварање<br>-Рангирање диви депонии по приоритет | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец (потребна е консултантска помош) | 2019 Континуирано | 30.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |
| Затварање и ремидијација на диви депонии | -Алоцирање на средства од буџет на општина<br>-Барање на дополнителни средства од Влада на РМ и МЖСПП | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 Континуирано | 90.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Изработка и поставување на табли за забрането фрлање на | -Изработка на табли (30 бр.);<br>- Поставување на табли на претходно утврдени локации | ЈП Комуналец | 2019 Контимуирано | 35.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| отпад на јавни површини | | | | | |
| Воспоставување на соодветен мониторинг и систем на казнување | -Изработка на план за редовен и привремен мониторинг<br>-Одредување на казнени мерки за прекршителите | Општина Крива Паланка | 2019 Континуирано | / | / |

**Област 8: Мониторинг на спроведување на планот и негово ажурирање**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на задачи на комисија | -Одржување редовни работни состаноци на комисија | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | / | / |
| Евидентирање | -Формирање база на податоци | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | / | / |
| Оценување на спроведувањето со користење на предложените индикатори | -Мерење на постигнатите резултати | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | / | / |
| Изготвување на годишни извештаи за спроведување на програма за управување со отпад | -Усвојување на извештаите од Советот на Општина Крива Паланка | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јануари 2020 | / | / |
| Ажурирање на планот | -Изработка на годишни програми | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2019 континуирано | / | / |

**Област 9: Иницијатива за покренување активности од страна на МЖСПП**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Давање на иницијативи во делот на управување со разните видови на отпад | Покренување постапки, идеи , предлози и сл. до МЖСПП | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2019 континуирано | / | / |

Реализацијата на оваа програмата за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2019 година во многу што ќе зависи од одвоените средства од буџетот на Општина Крива Паланка.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3762/41**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програмата за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/42** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документаија за Општина Крива Паланка за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/43** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** — **Претседател,**
**Крива Палнака** — **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16)) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документациии во општината Крива Паланка за 2019 год.**

Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации претставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите и проблемите на локалната заедница, како и развојната стратегија на општината Крива Паланка.

Навременото донесување на планска документација за потребите на урбаното и руралното подрачје е неопходно и приоритетно во развојниот процес на општината Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

**I. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 1-Д;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 3-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 4-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 6-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7-А.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

- **ДУП за урбан блок 1-Д**

Границата започнува од вливот на долот во спротивска маала во Крива Река, оди кон североисток узводно по течението на Крива Река, доаѓа до границата со К.О. Дрење, оди кон север по границата и доаѓа до трасата на железничката пруга кон југозапад и оди покрај трасата на железничката пруга и доаѓа до долот во спротивска маала кон југоисток и оди низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во Крива Река.

Површината на овој опфат изнесува 16,19 ха.

- **ДУП за урбан блок 3-А**

Границата започнува од „Осички мост“ и се движи кон исток узводно по течението на Крива Река, доаѓа до мостот на обиколниот пат (магистрална улица) низ Крива Паланка и Крива Река и поминува по обиколниот пат и се движи до границата на К.О. Варовиште каде што свртува кон југ и оди по границата на к.п.бр.603/2; 603/1; 611/5; 611/6; 611/7; 611/1; 611/8 и 611/9 и доаѓа до границата меѓу к.п.бр.607/3 и 607/2 каде што свртува кон запад и доаѓа до долот „Бабин дол“ поминува преку долот и доаѓа до локалниот пат кон манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон на патот кон северозапад, оди по истиот и доаѓа до улицата „Св. Јоаким Осоговски“ каде што свртува кон запад и доаѓа до „Осички мост“.

Површината на овој опфат изнесува 10,54 ха.

- **ДУП за урбан блок 4-А**

Границата започнува од вливот на Дурачка Река во Крива Река и се движи узводно по Дурачка Река, доаѓа до к.п.бр.1759 и к.п.бр.1760 и свртува по границата на парцелата и излегува на ул.„8-ми Октомври“, преминува преку улицата и доаѓа на кракот на ул.„8-ми Октомври“ (кај скалите), продолжува по кракот на ул.„8-ми Октомври“ и доаѓа до ул.„Калин Камен“, продолжува по оваа улица и излегува на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (пред тениското игралиште), свртува кон запад и оди по улицата и доаѓа до „Осички мост“ каде што излегува кај Крива Река, се движи по течението на Крива Река и доаѓа до вливот на Дурачка Река во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 11,67 ха.

- **ДУП за урбан блок 6-А**

Границата започнува од вливот на долот Нимулија во Крива Река и се движи узводно по долот Нимулија и доаѓа до мостот на ул.„Св. Јоаким Осоговски“(нов крак), потоа свртува по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (нов крак) кон североисток и оди по улицата до Соларски мост каде што свртува по Дурачка Река и оди низводно по реката до вливот на Дурачка Река во Крива Река од каде што продолжува по течението на Крива Река до вливот на долот Нимулија во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 3,29 ха.

- **ДУП за урбан блок 7-А**

Границата започнува од вливот на долот „Единство“ во Крива Река и се движи узводно по долот и доаѓа до мостот на долот и ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку улицата и оди по границата со нас. „Единство“ и доаѓа до ул.„Пиринска“ кај „ловечки дом“ каде што свртува кон исток и доаѓа до ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по улицата кон североисток и доаѓа до новиот крак и излегува на мостот со мостот Нимулија каде што свртува низводно по долот и доаѓа до вливот на долот Нимулија во Крива Река, свртува низводно и оди по коритото на Крива Река и доаѓа до вливот на долот „Единство“ во крива Река.

Површината на опфатот изнесува 7,62 ха.

**-Покрај горенаведените Детални урбанистички планови во фаза на изработка и донесување се следните урбанистички планови**:

- Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба на место викано „Бари“ во КО Дренак;
- Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба во КО Крклја и К.О. Костур место викано „кај ловечка куќа“;
- Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба во КО Крклја место викано „Мандра“.

**II. Преглед на локални урбанистички плански документации кои се во фаза на изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на ЛУПД за изградба на старски дом на дел од к.п.бр.6528 во К.О. Конопница, Општина Крива Паланка.

**III. Изработка и донесување на Општи акти за начинот и условите за изградба на објекти во населени места за кои нема урбанистичка документација**

Во фаза на изработка и донесување се Општи акти за следните населени места: с. Градец, с. Жидилово, с. Киселица, с. Крклја и с. Узем.

**IV. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување:**

- Генерален урбанистички план за Крива Паланка за површина од 615,оо ха;

- Детални урбанистички планови за Крива Паланка кој ги опфаќа блоковите 1-Б, 1-В, 2-Б, 11-А, 15, 16-Б, 16-В, 17 18-А и 20-А со површина од 144,91 ха.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

- **ДУП за урбан блок 1-Б**
  Границата започнува јужно во в.м.Пржар во населба Баглак, продолжува кон север по граница на КО Лозаново, свртува источно кон Домачки дол, поминува низ него, свртува југоисточно по улица „9 Мај“ паралелно со Домачки Дол јужно до коридор8-Автопат А2, каде свртува западно по границата од коридорот и завршува до в.м.Пржар во населба Баглак.

  Површината на опфатот изнесува 11,55 ха.

- **ДУП за урбан блок 1-В**
  Границата започнува јужно од улица „9 Мај“ оди низ неа сверно паралелно со Домачки Дол, поминува источно низ него и оди до граница со КО Лозаново, продолжува северно кон КО Дреење, свртува источно, јужно и источно по границата од КО Дрење, свртува јужно кон м.в. „Златна падина“ , оди јужно кон коридор8-Автопат А2 каде свтрува западно по границата од коридороти доаѓа до улица „9 Мај“.

  Површината на опфатот изнесува 29,78 ха.

- **ДУП за урбан блок 2-Б**
  Границата започнува јужно од спротивска мала кај улица „Херој Карпош“, оди северо-западно по улица „Ратко Минев“, свртува источно и северно по улица „Македонска“, доаѓа северно до границата со коридор 8-Автопат А2 продолжува источно по неговата граница до м.в.Пржар, свртува јужно кон улица „Моша Пијаде“ и доаѓа до Крива Река, продолжува западно по течението на Крива Река до спротивска мала.

  Површината на опфатот изнесува 18,50 ха.

- **ДУП за урбан блок 11-А**
  Границата започнува од вливот на Скрљавски дол во Крива Река, оди кон југозапад по течението на Крива Река, доаѓа до вливот на Мини дол (нас. Белево) во Крива Река, свртува кон југоисток и оди узводно по долот и доаѓа до улицата „Кочо Рацин“ свртува кон исток и доаѓа до улицата „Св. Јоаким Осоговски“ каде што продолжува кон североисток и доаѓа до „Скрљавски дол“ и свртува кон северозапад и оди низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во Крива Река.

  Површината на овој опфат изнесува 20,17 ха.

- **ДУП за урбан блок 15**
  Границата започнува јужно од коридор на железничка пруга, продолжува северно и источно по границата на КО Лозаново, доаѓа до Куков Дол, оди јужно низ него до коридор од железничката пруга, свртува западно по границата од коридорот на железничката пруга.

  Површината на опфатот изнесува 16,14 ха.

- **ДУП за урбан блок 16-Б**
  Границата започнува јужно од коридор за железничка пруга, продолжува северно низ Куков Дол, свртува источно кон населба трешен дол, продолжува источно во населбата Трешен Дол па се до границата со коридорот од megaжничката пруга каде потоа свртува западно кон Куков Дол.

  Површината на опфатот изнесува 12,96 ха.

- **ДУП за урбан блок 16-В**
  Границата започнува јужно од граница со коридор од железничка пруга, продолжува северно во населба Трештен Дол до м.в. Баглаксвртува западно до Бојанов Дол и продолжува јужно по Бојанов Дол се до коридор од железничка пруга каде оди западно по границата од коридорот на железничката пруга.

  Површината на опфатот изнесува 7,71 ха.

- **ДУП за урбан блок 17**
  Границата започнува јужно од улица „Ратко Минев“ оди западно низ истата улица до Бајанов Дол, продолжува северно кон коридор од железничка пруга, кон север по Бојанов дол, свртува источно кон север до м.в.баглак, источно и јужно кон улица „Македонска“ се до јужна страна до улица „Ратко Минев“.

  Површината на опфатот изнесува 9,26 ха.

- **ДУП за урбан блок 18-А**
  Границата започнува јужно од Куков Дол продолжува северно низ него до граница со коридоир од железничка пруга, свртува зпадно по границата на истиот коридор, низ Тештен Дол до Бојанов Дол, свртува јужно низ Бојанов Дол до Крива река, западно по границца од Крива Река се до Куков Дол.

  Површината на опфатот изнесува 5,84 ха.

- **ДУП за урбан блок 20-А**
  Границата започнува јужно од долот помеѓу м.в.Штала во с.конопницца и градските гробишта продолжува западно и северно покрај градските гробишта и доаѓа до Магистрален пат А2 каде продолжува јужно низ долот помеѓу м.в.Штала во с.конопницца и градските гробишта.

  Површината на опфатот изнесува 13,00 ха.

Генералниот урбанистички план за Крива Паланка ќе се изработува доколку влезат во Програма на Владата на РМ и до колку финансирањето се обезбеди од Буџет на Република Македонија.

Деталните урбанистички планови за Крива Паланка ќе се изработуваат доколку влезат во буџетот на Општина Крива Паланка или доколку влезат во Програма на Владата на РМ и до колку финансирањето се обезбеди од Буџет на Република Македонија.

**V. Изработка на локална урбанистичка планска документација**

-Локалната урбанистичка планска документација ќе се изработува на одобрена иницијатива на правно или физичко лице за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

-Границата и содржината на урбанистичките планови и локалната урбанистичка планска документација се утврдуваат со планска програма.

-За изработка на локална урбанистичка планска документација за објекти од интерес на општината Крива Паланка ќе се донесува Одлука за утврдување на потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација.

-За изработка на локална урбанистичка планска документација за објекти од интерес на општината Крива Паланка ќе се донесува Одлука за утврдување на потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација.

**VI. Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови**

- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава I на оваа програма, потоа Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на викенд населба во К.О. Кркља на место викано „Мандра“, Урбанистички план вон населено место на место викано „кај ловечка куќа“, Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба на место викано „Бари“ во К.О. „Дренак“, локална урбанистичка плански документација за изградба на старски дом на дел од к.п.бр.6528 во К.О. Конопница и Општите акти од глава III на оваа програма потребни се средства во износ од 3.250.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на општината Крива Паланка.

- За изработка на ГУП за Крива Паланка за површина од 615,оо ха потребни се средства во износ од 3.850.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Република Македонија.

- За изработка на Детални урбанистички планови за Крива Паланка за површина од 144,91 ха потребни се средства во износ од 4.460.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Република Македонија, буџетот на Општина Крива Паланка и други извори на финасирање.

**Бр. 09-3762/43**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка во Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/44** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08 и 02/12), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување, противпожарна заштита и управување со кризи за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување, противпожарна заштита и управување со кризи за 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ “ бр. 5/02) , член 49 и 51 од Законот за пожарникарство ( „Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 81/2007 и 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016) член 2 ст.1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18) член 4, став 2 и чл.9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и член 14, став 1 т.11 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/2014 и 2/2018 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година,донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**за активностите на Општина Крива Паланка во областана заштитата и спасувањето, противпожарната заштита иуправување со кризи во 2019 година**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Крива Паланка во 2019 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Просторни сили за заштита и спасување,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Крива Паланка
- Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Крива Паланка.

**I. Цели:**

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

**II. Активности:**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Крива Паланка. создавање на услови за воспоставување, развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето на територијата на општината.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Средства од Буџетот на РМ;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила (КАСКО) и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица

**IV. Распоредување на финансиските средства:**

Приходи за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

**Приходи**

| | |
|---|---|
| 1. Наменска дотација | 7.660.000,00 |
| 2. Наплатени премии од каско осигурување | 400.000 |
| 3. Буџет на Општина Крива Паланка | 1.270.000,00 |
| 4. Приходи од сопствени извори на ТППЕ | / |
| 5. **Вкупно** | **9.330.000,00 денари** |

**А.) Расходи за противпожарна заштита**:

| | |
|---|---|
| 1. Плати,наемнини и надоместоци за вработените | 7.660.000,00 |
| 2. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 400.000,00 |
| 3. Поправки и тековно одржување на возила | 200.000,00 |
| 4. Набавка на гуми и резервни делови за ПП возила | 100.000,00 |
| 5. Набавка на техничка и заштитна опрема | 200.000,00 |
| 6. Регистрација на возила | 50.000,00 |
| 7. Обука- договорни услуги (трибини, обуки) | 20.000,00 |
| 8. Учество во проекти и програми | 100.000,00 |
| **Вкупно** | **8.730.000,00 денари** |

**Б). Расходи за заштита и спасување:**

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер на средства | 50.000,00 |
| 2. Набавка на опрема и средства | 250.000,00 |
| **3. Вкупно:** | **300.000,00 денари** |

**В). Расходи за управување со кризи:**

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер на средства | 50.000,00 |
| 2. Набавка на опрема и средства | 250.000,00 |
| **3. Вкупно:** | **300.000,00 денари** |
| **Вкупно расходи А, Б + В:** | **9.330.000,00 денари** |

**V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Крива Паланка, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Крива Паланка, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на Денот на пожарниките;

- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ Крива Паланка по разни поводи и прослави

- поддршка и учество во проектни активности

**VI. Завршни одредби:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Крива Паланка и општинската администрација.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Општина Крива Паланка ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

**Бр. 09-3762/45**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2019 година ги опфаќа целите, активностите и надлежностите на Општина Крива Паланка во сферата на заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и противпожарната заштита. Со оглед на тоа дека Законот за пожарникарството, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи ги регулираат задачите, обврските и правата на субјектите во системот на заштитата и спасувањето, Програмата за активностите на Општина Крива Паланка ги насочува планирањата за финансиското и материјалното обезбедување на системот за заштита и спасување.

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и противпожарната заштита во 2019 година се движи во рамките на реалните потреби поткрепени со историските трошоци од минатите години и изнесува во вкупен износ 9.330.000,00 денари

се обезбедуваат средствата за финансирање на тековните оперативни активности, набавка на противпожарна опрема и осовременување на единицата, односно подобрување на условите за работа, комуналните услуги, поправките и тековното одржување на ПП возилата, набавка на ПП униформи, реконструкција и санација на зградите, поддршката за учество на вработените во професионалната противпожарна единица и др.

Како што е предвидено во точка дел А расходи за ПП заштита се предвидени средства од вкупно 8.730.000,00 денари.

Позитивното искуство од имплементацијата на проектот на различни проекти односно реконструкција на зградата, набавка на нови возила, набавка на опрема, спроведени обуки освоено високо место во спроведените натпревари, во изминатите години, покажа дека вработените во ТППЕ со успех можат да аплицираат и да реализираат меѓународни проекти. Поради тоа и за наредната година се планирани средства за оваа намена.

Во согласност со Законот за заштита и спасување, кај расходите планирани се средства за заштита и спасување во согласност со планираните потреби и искуствата од претходните години во оваа област како резултат од потребата за набавка на средства и опрема кои ќе бидат ставени во функција на заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра. Предвидени се средства за набавка на опрема.

Во рамките на расположивите средства од Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени се и расходни трошоци во делот на управувањето со можни кризни состојби.

Предвидените средства во зависност од потребите и можностите може да претрпат измени во вкупниот износ во текот на календарската година.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување ,противпожарна заштита и управување со кризи за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување ,противпожарна заштита и управување со кризи за 2019 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/46**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2019 година**.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09– 3762/47**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. 66/04, 89/08,116/10, 51/11, 85/15, 152/15, 39/16) и член 21 од Статутот на музејот (бр. 02-78/2 од 01.06 2017), член 14, став 1, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 8/10,08/14 и 02/18),Советот на Општина Крива Паланкаја усвои

Годишната програма за работа на Локалната Установа

„ГРАДСКИ МУЗЕЈ " – Кр.Паланка за 2019 година

Тргнувајќи од децентрализираниот модел на управување и финансирање на културата и културното наследство како и од стремежите за воспоставување на европски принципи на работа и развој, Л.У Градски Музеј Кр. Паланка изработи програма за работа на установата која што ги утврдува целите, приоритетите, активностите и финансиските средства со кои што ќе се одвива дејноста во следната 2019 год.

**Цели**

Програмата за работа на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка за 2019 година ќе ги следи утврдените цели за развој на дејноста кои што произлегуваат од базичните принципи на заштита и искористување на културно – историското наследство со примена на современа методологија на културниот менаџмент:

- Заштита, валоризација и презентација на културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион.
- Потикнување на меѓу-институционална соработка на локално ниво и интердисциплинарен пристап.
- Институционална надградба на установите задолжени за културата и културното наследство.
- Подобрување на менаџментот во културата и културното наследство.
- Искористување на културата и културното наследство како ресурс за економски развој.

**Приоритети**

Имајќи ги предвид зацртаните цели и инструментите за нивно достигнување Програмата за работа на ЛУ Градски музеј Кр. Паланка за 2019 година ќе ги следи приоритетите за работа и развој на музејската дејност утврдени во подолу цитираните стратешките документи. И тоа:

- Собирање, истражување, конзервација и презентација на археолошкото наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на етнолошкото духовно и материјално наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на историското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на архитектонското – градителското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на црковно-историското и уметничко наследство на кривопаланечкиот регион.

**ВОВЕД**

Градскиот Музеј во Крива Паланка е формиран како Локална Установа од Областа на Културата. По својата форма тој претставува **Општ Музеј** кој што ги обединува сите музеолошки дисциплини во себе: ***археолошката, етнолошката и историската.*** Покрај ова Л.У „Градски Музеј" – Крива Паланка е институционалниот носител на целокупната музејска дејност во општината и има обврска во периодот на програмата да ја врши и доразвива музејската дејност во соработка со општина Крива Паланка, Н.У Центар за култура – Крива Паланка, манастирот Св.

Јоаким Осоговски и останатите организации кои што имаат допирни точки со заштита на културата и културното наследство.

Во исполнување на Годишната програма за работа Л.У Градски Музеј ќе ги следи регулативите, одредниците и стратешките определби кои произлегуваат од:

Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 85/15, 152/15 и 39/16) и сите подзаконски акти кои произлегуваат од него;

Закон за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18) и сите подзаконски акти кои произлегуваат од него;

Статутот на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка со бр.02-28/1 од 01.06 2017 г;

Програмата за развој на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка 2017 – 2021 (бр. 03-94/1 од 18.07 2018);

Националната Стратегија за Развој на Културата во РМ 2018-2022 и Акциски план за имплементација на стратегијата за развој на културата во РМ 2018-2022 усвоени од Собранието на РМ (Сл. весник на РМ бр 81/2018);

Стратегијата за локален развој на општина Крива Паланка 2015-2020;

**РЕСУРСИ**

**- технолошки ресурси**

Л.У Градски музеј Кр. Паланка својата дејност ја одвива во зградата на музејот, т.е поранешниот Дом на АРМ или уште по поранешниот Официрски Дом. Условите за работа во установата се модерни, технолошки современи и удобни. На располагање на вработените, лицата ангажирани по договор за привремени вработувања и волонтерите во установата се три модерно опремени канцеларии, библиотека, депо-а за предмети, продавница за сувенири и три изложбени сали за постојаната археолошка поставка, постојаната етнолошка и постојаната историска поставка и опремени со современа опрема за заштита според музеолошките стандарди. Во составот на музејот постои и модерно опремена уметничка галерија според сите стандарди и во која се организираат повремени музејски и уметнички изложби.

**- човечки ресурси**

ЛУ Градски музеј Кр. Паланка располага со следните човечки ресурси: 1 (едно) стручно лице етнолог - постојано вработено / кое е и директор на Музејот; 1 (едно) стручно лице – историчар вработен преку АПВ и 2 (две) стручни лица: етнолог и историчар-архивист ангажирани со договор на дело. Во Музејот како технички персонал е ангажирано 1 (едно) лице – хигиеничар со договор на дело.

**АКТИВНОСТИ**

Во следната 2019 година Музејот во програмата планира да реализира повеќе активности од својата основна дејност која што е утврдена со Статутот на Музејот и се одвива согласно Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и сите подзаконски акти кои произлегуваат од нив, како и од активности од проектната дејност кои произлегуваат директно од Програмата за развој на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка 2017 – 2021 (бр. 03-94/1 од 18.07 2018) и Стратегијата за развој на општина Крива Паланка 2016-2020 година. И оваа година активностите и во основната дејност и во проектната дејност на музејот ќе се базираат на максимата која произлегува од споменатата програма и гласи:

- **Развој на музејската дејност преку имплементација на инвестициски и институционални активности.**

Л.У Градски Музеј – Крива Паланка својата **основна дејност** ќе ја извршува во рамките на подолу опишаните и определени активности, вклучени ресурси, средства и персонал како и инволвирани партнери:

| **Активности од основната дејност:** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Опис | Вклучен персонал | Партнери | Потребни средства |
| | **Заштита на културно – историското наследство** | | | |
| 1. | Заштита, валоризација и презентација на движното културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион. | Сите вработени | / | Средствата за основна дејност во буџет на општина |
| 2. | Доработка и финализација на Елаборати за валоризација на Историската и Етнолошка збирка | 2 кустоси / етнолог и историчар | Н.У Музеј на Македонија<br>УЗКН | 15.000 ден |
| 3. | Регистрација и документација на основниот музејски материјал од археолошката, етнолошката, историската збирка и др. збирки | 2 кустоси / етнолог и историчар и 1 фотограф | Н.У Музеј на Македонија | 5.000 ден |
| 4. | Изработка на основни документ. картони за музејскиот материјал од археолошката, етнолошката, историската збирка и др. збирки | 2 кустоси / етнолог и историчар и 1 фотограф | Н.У Музеј на Македонија<br>УЗКН | 5.000 ден |
| 5. | Евиденција, документација и регистрација на придружниот архивски, библиотечен, фотографски, видео и аудио материјал | 2 кустоси / етнолог и историчар и 1 документ. | Општина<br>Кр. Паланка / релевантни НУ | 10.000 ден |
| 6 | Евиденција, документација и водење на регистри на споменици, празници, личности и др. регистри во интерес на општината и локалната заедница | 1 кустоси / историчар и 1 документ. историчар – архивист | Општина<br>Кр. Паланка / релевантни НУ | 5.000 ден |
| 7. | Конзервација на музејки материјал од археолошката етнолошката, и историската збирка | 2 конзерват-<br>ори | Н.У Музеј на Македонија<br>УЗКН<br>НУ АММ | 50.000 ден |
| 8. | Откуп на етнолошки предмети за збогатување на етнолошката збирка | Директор<br>Комисија | Локално граѓанство | 80.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Откуп на археолошки предмети за збогатување на археолошката збирка | Директор<br><br>Комисија | Локално граѓанство | 20.000 ден |
| 10. | Откуп на историски предмети за збогатување на историската збирка | Директор<br><br>Комисија | Локално граѓанство | 80.000 ден |
| 11. | Откуп на помошен музејски материјал: книги, карти, документи и сл. | Директор<br><br>Комисија | Локално граѓанство | 30.000 ден |
| | **Презентација, промоција и популаризација на културно историското наследство** | | | |
| 1. | Работа со посетители и гости на музејот | Сите Вработени | / | 0 |
| 2. | Организација и спроведување на групни туристички посети во музејот | Директор / кустоси | Туристички агенции и организации | 0 |
| 3. | Дизајн и печатење на стручни и промотивни публикации за промоција на културно – историското наследство | Сите Вработени | Општина<br><br>Кр. Паланка | 120.000 ден |
| 4. | Подготовка на стручни и научни текстови од областа на етнологијата | Директор | ИЕА Скопје | 60.000 ден |
| | **Изложбени активности и манифестации** | | | |
| 1. | Организирање и реализирање на празнични одбележувања и работилници во музејот | 1 кустос / етнолог | Логални граѓански групи | 35.000 ден |
| 2. | Организирање и реализирање на повремени / тековни изложби, промоции, презентации и др. настани | Сите вработени | Различни | 80.000 ден |
| 3. | Организирање на работилница и реализирање на манифестацијата „Велигденска традиција“ | Сите Вработени | Различни | 15.000 ден |
| 4. | Коорганизација на културни настани и манифестации од Програмата за култура на Општина Кр. Паланка за 2019 година | Сите Вработени | Општина<br><br>Кр. Паланка / НУ Центар за култура | 65.000 ден |
| | **Инвестициски активности** | | | |
| 1. | Изработка на Основен проект за санација на фасада на ЛУ Градски Музеј / | Директор | НУ Национ. Конзерваторски | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | соработка | | Центар Скопје | |
| 2. | Изработка на Основен проект за надградба на постојна сала и доградба на сала за екукација и библиотека | директор | Општина<br><br>Кр. Паланка / Одд. За Јавни дејности | 0 |
| 3. | Проширување на маркица на објект ЛУ Градски музеј заради развој на нови културни содржини | директор | Општина Кр. Паланка / Одд. За урбанизам | 0 |
| 4. | Градежни работи за одржување на зградата на Музејот и објектот Школо во с. Градец | Директор / лице одг. за јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 100.000 ден |
| | **Развој на технолошки ресурси** | | | |
| 1. | Набавка на библиотечни и архивски витрини за одделение за историја на уметност, фототека и видеотека | Директор / лице одг. за јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 65.000 ден |
| 2. | Набавка на метални сигурносни плакари за збирка на плакати и збирка на карти | Директор / лице одг. за јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 45.000 ден |
| 3. | Набавка на панели, тапети, знаци принтови и други презент. матер. за инсталација во постојаните поставки | Директор / лице одг. За јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 100.000 ден |
| 4. | Набавка на компјутерска, аудио и видео опрема за зградата на Музејот | Директор / лице одг. за јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 65.000 ден |
| 5. | Набавка на опрема за греење и климатизација за објектите на Музејот | Директор / лице одг. за јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 150.000 ден |
| 6. | Набавка на мебел, инвентар и др. материјали за објект Школо во с. Градец | директор | Избран подизведувач со јавна набавка | 35.000 ден |
| 7. | Сервисирање на софтвер за електр. евиденција на музејскиот материјал | директор | Избран подизведувач со јавна набавка | 25.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Сервисирање на опрема за електронска контрола и видео надзор | Директор / лице одг. за јавни набавки<br><br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 65.000 ден |
| | **Развој на човечки ресурси** | | | |
| 1. | Изработка и донесување на акти, планови и документи од областа на човечките ресурси | Директор / лице задол. за УСЧР | УО и Совет на Општина Кр. Паланка | 0 |
| 2. | Транформација на статут на лица ангажирани по договор за услуги | Директор / лице задол. за УСЧР | УО и Совет на Општина Кр. Паланка | 600.000 ден |
| 3. | Ангажман и работа со волонтери и др. ангажирани лица | Директор | Општина<br><br>Кр. Паланка | 15.000 ден |
| 4. | Обуки, тренинзи и конференции на стручни теми и области | Сите вработени | Општина<br><br>Кр. Паланка | 10.000 ден |
| | **Работа на Управниот одбор** | | | |
| 1. | Организација, изработка на документи и материјали и одржување на седници на Управниот Одбор на Музејот | Директор | Градоначалник,<br><br>Совет на општина Кр. Паланка | 25.000 ден |
| | **Друго** | | | |
| 1. | Стимулирање на локалното произв. на сувенири и ракотворби и збогатување на асортиманот на музејската продавница | Директор<br><br>Комисија | Локално производители и фирми | 30.000 ден |

Л.У Градски Музеј – Крива Паланка својата **проектна дејност** ќе ја извршува во рамките на подолу опишаните и определени активности, вклучени ресурси, средства и персонал како и инволвирани партнери

| **Активности од проектни дејности:** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Опис | Вклучен персонал | Партнери | Потребни средства |
| | **Заштита на културно – историското наследство** | | | |
| 1 | Конзервација на музејскиот материјал од археолошкиот локалитет „Градиште“ во с. Градец, Крива Паланка – *продолжување од 2018 година* | 3 стручни лица (2 козерватори и археолог) | Општина<br><br>Кр. Паланка<br><br>УЗКН<br><br>НУ АММ | 100.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Валоризација на археолошки локалитет „Градиште“ во с. Градец | 5 стручни лица архитект,2археолози, документ и фотограф | Општина<br>Кр. Паланка<br>НКЦ | 130.000 ден |
| | **Стручни, научни и теренски истражувања** | | | |
| 1 | Истражување на градскиот живот во Крива Паланка – I - од крајот на 19 и првата половина на 20 ти век | 2 стручни лица етнолог и соработник | Општина<br>Кр. Паланка | 35.000 ден |
| 2. | Истражување на свадбените обичаи во градот Крива Паланка | 2 стручни лица етнолог и соработник | Општина<br>Кр. Паланка | 35.000 ден |
| 3. | Последните лазарки во Кривопаланечко | 2 стручни лица етнолог и соработник | Општина<br>Кр. Паланка | 41.000 ден |
| 4. | Заштитни археолошки истражувања на локалитет „Градиште“ во с. Градец, Крива Паланка | 3 стручни лица археолози со стручна екипа и работници | Општина<br>Кр. Паланка | 100.000 ден |
| 5. | Кривопаланечкиот 19-ти век – личности и дела - архивско и теренско истражување | 1 стручно лице историчар | Општина<br>Кр. Паланка<br>ДАА | 130.000 ден |
| 6. | Познати и Признати Кривопаланчани I – род 1940-1970 | 1 стручно лице историчар | Општина<br>Кр. Паланка<br>ДАРМ | 50.000 ден |
| | **Изложбени активности** | | | |
| 1 | Организација на 3 (три) изложби со резултатите од завршените научни и теренски истражувања | Сите вработени<br>Стручни соработници | Општина<br>Кр. Паланка | 105.000 ден |
| | **Инвестициски** | | | |
| 1. | ПОСТОЈАНА ЕТНОЛОШКА ПОСТАВКА IV.1 – Реконцепција со реконструкција и реставрација | Директор / лице одг. за јавни набавки<br>Комисија | Избран подизведувач со јавна набавка | 150.000 ден |
| 2. | ПОСТОЈАНА ИСТОРИСКА ПОСТАВКА – III.1 - Реконцепција со реконструкција и реставрација | Директор / лице одг. за јавни набавки | Избран подизведувач со јавна | 150.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Комисија | набавка | |

ВАЖНО!!! Реализацијата на дел од активностите од проектната дејност ќе зависи од прифаќањето на апликациите од Министерството за култура на РМ во Годишната програма за проекти од национален интерес во културата за 2019 година и од висината на одобрените средства.

**Динамика на активностите**

ЛУ Градски музеј ја определи следната динамика на имплементација на програмата за работа за 2018 согланост со планираните активности во извршување на својата основна и проектната дејност:

| **Активности од основната дејност:** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | | | **II** | | | **III** | | | **IV** | | |
| | Опис | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| 1. | Заштита на културното историското наследство | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Презентација, промоција и популаризација на културно-историското наследство | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Изложбени активности и манифестации | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Инвестициски активности | | | | | | | | | | | | |
| 5. | Развој на технолошки реурси | | | | | | | | | | | | |
| 6. | Развој на човечки ресурси | | | | | | | | | | | | |
| 7. | Работа на Управниот Одбор | | | | | | | | | | | | |
| 8. | Друго | | | | | | | | | | | | |

| **Активности од проектни дејности:** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | | | **II** | | | **III** | | | **IV** | | |
| | Опис | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| 1. | Заштита на културносто наследство | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Научни и теренски истражувања | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Изложбени активности | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Инвестициски активности | | | | | | | | | | | | |

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Согласно законските решенија и актите на Советот на општина Крива Паланка активностите за одвивање на основната дејност на Л.У Градски Музеј ќе бидат вградени и финансирани од буџетот на општина Крива Паланка од програмата *К3 – Музејска и кинотечна дејност*. Дополнитетлно, некои од активностите од основната дејност како што се регистрација и документација на основниот музејски материјал, теренски истражувања, стручни и научни истражување ќе бидат финансирани комбинирано и од буџетот на општина Крива Паланка од буџетот на Р. Македонија во рамките на Годишните програми на општина Крива Паланка и Министерството за култура на РМ.

За остварување на активностите од проектни дејности финансиските средства Л.У Градски Музеј – Крива Паланка ќе ги обезбедува од Министерството за култура преку Годишната програма финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2019 година, а можно е дел од средствата да бидат обезбедени од меѓународни фондации и институции: ИПА – инструментот за претпристапна помош и амбасади на странски држави во Р. Македонија, преку активно и динамично подготвување на проектни апликации и поднесување на проектни идеи.

**Преглед:**

<table>
<tr><th>Локација на средства</th><th>Партнери</th><th>Бенефициенти</th></tr>
<tr><td colspan="2">Активности од основна дејност:</td><td rowspan="8">Градски музеј<br>Локална заедница<br>Локална самоуправа<br>Посетители<br>Туристи</td></tr>
<tr><td>Буџет на општина<br>Крива Паланка</td><td>Општина Крива Паланка</td></tr>
<tr><td>Буџет на општина<br>Крива Паланка</td><td>Самофинансирачки активности</td></tr>
<tr><td>Буџет на РМ</td><td>Министерство за култура на РМ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активности од проектна дејност:</td></tr>
<tr><td>Буџет на РМ</td><td>Министерство за култура на РМ</td></tr>
<tr><td>Донација</td><td>Амбасади на странски држави во РМ</td></tr>
</table>

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предложената програма за работа на Л.У Градски Музеј – Крива Паланка е проекрирана за периодот од **01 Јануари 2019 до 31 Декември 2019.**

Во програмата се опишани институционалната и инвестиционата компонента во исполнување на активностите за остварување на основната и проектната дејност на установата.

Очекуваните резулатати и придобивки од програмата се: видлив ефект и придонес кон напорите за институционализација на установата; сопствено промовирање и етаблирање; заштитено културно – историско наследство; успешна имплементација на проектните активности; подготовка и промоција на што повеќе финални продукти и резултати од дејноста.

**Бр. 09– 3762/47**
**06.12.2018 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвоување на Годишна програма за работа на ЛУ Градски музеј –Крива Паланказа 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на Годишна програма за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/48** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на чл., член 14 ст.1 т40 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен Гласник на Општина Крива Планка“ бр.08/10,08/14 и 02/18 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за влезни билети и дополнителни услуги во ЛУ Градски Музеј за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за влезни билети и дополнителни услуги во ЛУ Градски Музеј за 2019 година

бр.02-188/4 од 21.11.2018 година .

Член 2

Оваа одлука влегува на сила 8-от ден од денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Крива Паланка“ .

**Бр.09-3762/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год** **Претседател**
**Крива Планка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на ценовник за влезни билети и дополнителни услуги во ЛУ Градски музеј-Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за усвоување на ценовник за влезни билети и дополнителни услуги во ЛУ Градски музеј-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/50**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 20 -б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016и 35/2018), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 14 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 8/2014, и 2/2018), а во врска со Одлуката за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општина Крива Паланка за 2018 година бр.09-480/5 од 19.02.2018 година („Службен Гласник на Општина Крива Паланка“ бр.02/2018), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2018 ГОДИНА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка, дава согласност на измената на Годишниот План за вработување за 2018 година на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Измената на Годишниот план за вработување за 2018 година на Општина Крива Паланка ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3762/51**
**06.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлукатаза давање согласност на измена на годишниот план за вработување за 2018 година на Општина Крива Паланка**

1. Се објавуваОдлукатаза давање согласност на измена на годишниот план за вработување за 2018 година на Општина Крива Паланкашто Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/52** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1,т.41од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,8/14,02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За утврдување на приоритет на проект ,,Креирање на услови за современо чување ,складирање и продажба на земјоделски производи**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за утврдување на приоритет на проект „„Креирање на услови за современо чување, складирање и продажба на земјоделски производи“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/53** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на на приоритет на проект ,,Креирање на услови за современо чување,складирање и продажба на земјоделски производи**

1. Се објавува Одлуката за за утврдување на на приоритет на проект ,,Креирање на услови за современо чување,складирање и продажба на земјоделски производи ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/54**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1,т.41од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,8/14,02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност за намената на инвестицијата**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот„„Креирање на услови за современо чување, складирање и продажба на земјоделски производи“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3762/55**
**06.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата**

1. Се објавуваОдлукатазадавање согласност за намена на инвестицијаташто Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**р.08-3762/56**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 14 став 1 точка 30 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.12. 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на користење на недвижен имот - деловен објект во Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за давање на користењее на недвижен имот во сопственост на Општина Крива Паланка, како и се утврдува недвижниот имот , начинот и постапката за неговото давање на користење.

**Член 2**

Давањето на користење на недвижниот имот во сопственост на Општина Крива Паланка ќе се изврши на начин и во постапка утврдена со Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост.

**Член 3**

Со Оваа Одлука ќе се даде на користење деловен објект во површина од 20 м2 која се наоѓа во приземјето на Противпожарната зграда во Крива Паланка на кп.бр. 1736, Имотен лист број 8694 КО Крива Паланка, сопственост на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

За недвижниот имот кој ќе се даде на користење , Градоначалникот на Општина Крива Паланка добива овластување да најде модалитет и начин за давање на користење на горенаведениот недвижен имот на физички и правни лица, здруженија на граѓани и државни органи , под дефинирани правила и услови, а согласно со утврдените потреби за користење на недвижниот имот и позитивните законски прописи.

**Член 5**

За спроведување на постапката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Крива Паланка , Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение број 08-1718/1 од 06.06.2018 година има формирано комисија за недвижни и движни ствари , од редот на општинската администрација

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Број 09 – 3762/57**
**06.12.2018 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НАОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот –деловен објект во Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижен имот –деловен објект во Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/58**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 06.12.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на членови на Училишен одбор на СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Маја Ивановска од член на Училишен одбор на СОУ „Ѓорче Петров“– Крива Паланка, по нејзино барање.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3762/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за разрешување на член на Училишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка**

1. Се објавува Решението за разрешување на член на Училишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/60** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10,08/14 и 02/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 06.12.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување член на Училишен одбор на СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. За член на Училишен одбор на СОУ „Ѓорче Петров“–Крива Паланка, се именува:

-Елена Николовска

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3762/61** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за именување на член на Училишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка**

1. Се објавува Решението за разрешување на член на Училишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/62** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15, 31/16 и 190/2017) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010; 8/14 и 2/18), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2971/1 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ на к.п.бр.2971/1 во К.О. Крива Паланка сопственост на Марко Јанковски.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Детален урбанистички план урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А2-домување во станбени згради.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3762/63**
**06.12.2018год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.2971/1 во Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.2971/1 во Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/64** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2018 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15; 31/16 и 190/2017) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14 и 2/18), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.6985/2 во К.О. Трново, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Трново на к.п.бр.6985/2 во К.О. Трново , Општина Крива Паланка сопственост на Цветко Павловски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Трново.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Трново за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3762/65** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2018год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.пбр.6985/2 во КО Трново,Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.6985/2 во КО Трново ,Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 17-та седница,одржана на ден 06.12.2018 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3762/66**
**07.12.2018 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15; 31/16 и 190/2017) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14 и 2/18), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3148 во К.О. Луке, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Луке на к.п.бр.3148 во К.О. Луке, Општина Крива Паланка сопственост на Петре Ангеловски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Луке.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Луке за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

